# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА 2024-27 ГОДИНА

# - ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН
# НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
# 2024-27 ГОДИНА -

**- Одделение за локален економски развој и евроинтеграции при**
**Сектор за локален економски развој и финансиски прашања во Општина Крива Паланка**
**во соработка со УНДП - Програма за развој на Обединетите Нации**



П о ч и т у в а н и,

Општина Крива Паланка доживува исклучително брз развој во последните неколку години, наметнувајќи се како еколошки чиста средина, транспарентна во своите процедури, пријател на граѓанскиот и приватниот сектор, општина – пријател на младите, но и како сериозен субјект во имплементација на европски и други фондови, наменети за подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница.
Преку различни активности и проекти, но и склучени партнерства со разни организации и институции, значително е унапредено и функционирањето на општинската администрација, што ќе биде крунисано во наредната година со заокружување на процесот на сертификација на општинските услуги, преку воведување на ISO стандардот за општинска администрација.

Во меѓувреме, со помош на УНДП, организацијата што во повеќе проекти се наметна како партнер и ко-финансиер на различни општински иницијативи и активности. Меѓу нив најзначајни се: Релоад - Програмата за поддршка на граѓанскиот сектор, набавка на опрема за Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) Крива Паланка и креирање Меѓуопштинска стратегија на Општина Крива Паланка и Општина Ранковце за заштита од пожари, поплави и други елементарни непогоди, се создадени услови за понатамошно унапредување на работата на општинската администрација.

Во рамки на вториот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти во рамки на Фондот за техничка документација од проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти” (2022-2026), финансиран од Шведска и Биро за регионален развој, општината успешно го имплементира проектот *Подобрување на условите на живот на жителите од руралните средини*, со кој се изработени два многу важни технички и инфраструктурни проекти: изградба

на пат за поврзување на селата Градец со Осиче и изградба на мост за поврзување со населбата во м.в. Крстата Падина.
Дополнително, како административна поддршка се изготви и овој т.н. Интегриран локален развоен план за перидот 2024-27 година, што ќе биде усвоен со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка и ќе биде значаен документ, репер за планирања во општината за наредниот период.

Процесот на планирање е најкомплексниот процес при управување со расположливите, потенцијалните и идни ресурси и финансиски средства со кои треба да се задоволат потребите на локалната заедница.
Општина Крива Паланка со веќе етаблирана пракса на спроведување буџетски и проектни форуми, со сериозен процент на учество и партиципација на граѓанскиот сектор, успешно имплементира годишни програми од сите области во домен на работата на општината. Програмите бележат висок процент на реализација, особено на утврдени приоритети и приоритетни области.
Тригодишното планирање е сериозен предизвик со кој ќе се соочиме сите како локална и државна администрација во наредниот период, но и можност за натамошно унапредување на работата на општинската администрација. Логистичката и експертската помош на УНДП е многу значајна, особено што при изготвување на овој пилот-план активно беа вклучени вработени во општинската администрација. Вработените во администрацијата низ процесот на работилници, експертска помош и анализа работеа со надворешно ангажирани експерти од областа и повеќегодишно искуство за стратешко интегрирано планирање. Низ овој процес сериозно се зајакнуваше капацитетот на административните службеници вклучени во подготовка на интегрираниот план.

Во планот се разработени програмите на одделенијата и секторите во општината, на ниво на тригодишни програми со детални активности и буџет, базирани на тригодишно планирање. Тригодишното планирање како процес бара сериозен ангажман, способност и компетенција за распределба на активности и буџет за реализација на истите во подолг временски период, а планирањето ќе биде предмет на расправа и креирање на нова пракса во работата на општинската администација.Ова планирање ќе го олесни самото менаџирање на општината, но и управувањето со буџетските средства и процесите во рмки на локалната самоуправа.

Како прв човек на општината, го подржувам овој процес и ќе бидам активно вклучен во неговата имплементација, со цел истиот да биде нова корисна алатка во креирање на идната развојна политика на општината на подолг временски период.

Ваш,

Градоначалник Сашко Митовски

## СОДРЖИНА

**I. ВОВЕД** ..... **3**

1.1 Профил на општина Крива Паланка ..... 3

1.2 Цел на ИЛРП ..... 6

**II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП** ..... **6**

**III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ** ..... **7**

**IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА** ..... **9**

**V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА** ..... **15**

**VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА** ..... **15**

**VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ** ..... **18**

**VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ** ..... **18**

**IX. БУЏЕТ НА ИЛРП** ..... **68**

**X. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИРЛП** …..... **69**

**АНЕКСИ** ..... **84**

# I. ВОВЕД

## 1.1 Профил на општина Крива Паланка

Општина Крива Паланка е сместена во Североисточниот дел на Република Северна Македонија и по територијалниот распоред припаѓа на Североисточниот Плански Регион. Општината зафаќа појас на две гранични линии, на север се граничи со Република Србија, а на североисток со Република Бугарија. Соседни општини на Општина Крива Паланка се: Ранковце, Кратово, Македонска Каменица, Кочани, општина Ќустендил во Република Бугарија и општините Босилеград и Трговиште во Република Србија. Општината се простира на сегмент од Коридорот Е-8, кој ја поврзува Азија со јужниот дел на Балканскиот Полуостров што ја прави макролокацијата на општината посебно атрактивна и значајна.
Општина Крива Паланка се простира на површина од 481 км2, со средна надморска височина од 450 м.н.в. до 2252 м.н.в. (врвот Руен) на Осоговските Планини и според географската диспозиција се наоѓа во Североисточниот регион на Република Северна Македонија. Општина Крива Паланка е составена од градот Крива Паланка и селата Б'с, Баштево, Борово, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Добровница, Дренак, Дрење, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Мождивњак, Нерав, Огут, Осиче, Подржи Коњ, Станци, Т'лминци, Трново и Узем. Припаѓа на сливното подрачје на Крива Река и се простира на северните падини на планината Осогово, јужните падини на планината Герман и на дел од Биљино Поле. Градот Крива Паланка е распространет на двата брега на Крива Река и во должина на течението на Дурачка Река, зафаќа вкупна површина од околу 330 хектари со просечна надморска височина од 680 метри.

## <u>ИСТОРИЈА НА ГРАДОТ</u>

Крива Паланка во минатото позната како Егри Дере е основана за време на владеењето на турскиот везир Бајрам-паша. Како населба со околу 800 домаќинства се споменува уште во 1634 година, за што доказ е еден историски споменик, мермерна плоча, која во тоа време се наоѓала на влезната порта на кривопаланечката тврдина, а денеска се наоѓа во градскиот музеј во Крива Паланка. Градот претставувал типична турска касаба, во која со векови се вкрстувале карваните што доаѓале од Скопје, Солун, Дубровник и од други трговски градови во регионот или пошироко. Кривопаланечкото утврдување во тоа време, го следи текот на Крива Река и десниот брег на Дурачка Река, при што тврдината била обиколена од две страни со коритата на двете кривопаланечки реки. Од тврдината подоцна се развива и градското јадро, најпрво со доселување на турско население. Во тоа време Турците го именувале градот со името Егри Дере, подоцна Егридере Паланка, или Егри Паланка. Турците во тоа време го развиваат урбаниот живот на градот. Се градат значајни објекти, покрај тврдината биле изградени и две џамии, амам, саат кула, била развиена чаршијата како и занаетите во неа. Особено, биле развиени ковачкиот, налбатскиот, железарскиот и пушкарскиот занает, поради тоа што во близина на Крива Паланка била ископувана и преработувана железна руда. Во периодот од XVII до XIX век се менува етничката слика на градот, со доселувањето на голем број Македонци од околните села, но и од подалечни места. Во XVII век, тешката економска и политичка состојба што населението во Крива Паланка и Кривопаланечко непосредно ја чувствувало, е причината тоа да се вклучи во настаните на Карпошовото востание. Како центар на востанието Крива Паланка станува слободен град во период од два месеца. По Карпошовото востание Крива Паланка ќе стане запустен град, со опожарени куќи, напуштени дуќани и опаднато градско стопанство. Преродбеништвото во Крива Паланка од почетокот на XIX век најтесно е поврзано со личноста и делото на првиот книжевник од новата македонска книжевност, даскалот Јоаким Крчовски. Со

неговото дело е означен почетокот на литературата на македонски јазик. Тој кај кривопаланчани го запалил факелот на писменоста, што ќе резултира со отворање училиште во градот.

Во втората половина на XIX век настанале значајни промени во структурата на населението во Крива Паланка и Кривопаланечко. И денес се зачувани голем број споменици од историското културно и градителско минато на општината. Во непосредна близина на градот се наоѓа еден од најимпозантните сакрални објекти во Република Северна Македонија – манастирскиот комплекс „Св. Јоаким Осоговски". Развојот на машинското производство и формирањето класа на градски водачи и интелигенција школувана во Скопје, Солун, Софија, Белград, Брисел, Париз и во другите европски градови, придонеле за просперитетот на Крива Паланка. Од 1912 до 1915 година со регионот владееле Србите, кои биле заменети со Бугарите од 1915 до 1918 година. Во 1918 година, Македонија и Крива Паланка станале дел од кралството на Србите, Хрватите и Словенците, спротивно на волјата на македонскиот народ. Помеѓу двете светски војни Крива Паланка назадувала наместо да напредува. По Втората светска војна и ослободувањето на градот (8 октомври, 1944) и создавањето на првата македонска држава во рамките на Југославија, започна нова фаза на развој, која продолжи по распаѓањето на СФРЈ и прогласување независна и суверена македонска држава – Република Македонија. Денес градот Крива Паланка претставува административен, економски и културен центар на општината. По својата положба, антропогеографските карактеристики, културно-историскиот развој и значење, Крива Паланка е град што оставил забележливи траги во нашата историја и пошироко.

## Организациска структура на општина Крива Паланка

Во општина Крива Паланка има вкупно 60 вработени во редовен работен однос од кои 31 се мажи и 29 се жени. Во ТППЕ има вкупно 17 пожарникари, сите од машки пол.
Советот на општина Крива Паланка има вкупно 19 советници од кои 12 се од СДСМ и коалицијата, 6 од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата и еден независен советник од ГРОМ. Вкупно има 11 мажи и 8 жени членови на советот, а Претседателот на Советот е припадничка на  женскиот пол.
Во склоп на општината постојат и две јавни комунални претпријатија КОМУНАЛЕЦ и Калин Камен, од кои ЈП Калин Камен е во фаза на почеток со работа.
Во ЈП Комуналец работат вкупно 88 вработени, распоредени во 5 сектори.




**Слика бр. 1 – Организациска структура на општина Крива Паланка**

## I.2 Цел на ИЛРП

ИЛРП на општината Крива Паланка е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност. Планот е подготвен  низ соработка и партнерства со сите чинители во општината и ги рефлектира приоритетните потреби на граѓаните. Притоа, целта на ИЛРП е да овозможи практична и спроведлива рамка за адресирање на клучните развојни предизвици поврзани со животот на граѓаните.

# II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА ИЛРП

ИЛРП на општина Крива Паланка е подговен во согласност со **Методолошките насоки за подготовка на Интегрирани локални развојни планови**изработени со поддршка на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој. Проектот е дел од пошироката програмска рамка на УНДП финансирана од Шведска, која го опфаќа и проектот „Справување со загадувањето на воздухот“.

Во табелата 1 се наведени клучните методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.

*Табела 1: Методолошки чекори и периодот во кој се реализирани.*

| **Чекори** | **Период на спроведување** |
|---|---|
| Чекор 1 – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | Јуни, 2023 |
| Чекор 2 – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | Јуни, 2023 |
| Чекор 3 – Мапирање на засегнатите страни | Јули, 2023 |
| Чекор 7 – Собирање податоци за анализата на туристичките потенцијалии туристичката инфраструктура, управување со водите и управувањето со отпадните води | Август, 2023 |
| Чекор 8 –Изработка на туристичките потенцијалии туристичката инфраструктура, управување со водите и управувањето со отпадните води | Септември, 2023 |
| Чекор 9 – Формирање и подготовка за работа на тематските работни групи – организирање покани и подготовка за состаноци на работни групи за тематски SWOT анализи | Октомври, 2023 |
| Чекор 10 – Подготовка на консолидирани тематски SWOT анализи и извештаи од тематските работни групи и интегрална SWOT анализа | Октомври, 2023 |
| Чекор 11 – Подготовка на први и консолидирани нацрти на ИЛРП (визија, стратешки цели, критериуми за приоритизација, цели на програмите, приоритетни мерки на програмите, активности и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација) | Октомври 2023 – Август 2024 |
| Чекор 12 – Презентирање на нацртот ИЛРП со цел обезбедување повратни информации и коментари | Септември 2024 |
| Чекор 13 – Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП одобрен од градоначалникот | Октомври 2024 |

| | |
|---|---|
| Чекор 14 – Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | Октомври-Ноември 2024 |
| Чекор 15 – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | Ноември-Декември 2024 |

ИЛРП на општина Крива Паланка е продукт на процес на партиципативно развојно планирање заснован на подготвеноста на општинската администрација за обезбедување на учество на засегнатите страни градење на стратешки капацитети за интегрирано развојно планирање во општината.

## III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ИЛРП СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на општина Крива Паланка, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоките нивоа на управување. Притоа обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики; и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општина Крива Паланка е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години).

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста на ИЛРП на општина Крива Паланка со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

При подготовката на ИЛРП на општина Крива Паланка особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021– 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2021–2023 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021 – 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 – 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 – 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Македонија 2021–2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];

---

[1] https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2] https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3] https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[6] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf

- ✓ Национална стратегија за биолошка разновидност со Акционен план 2018–2023 година[8];
- ✓ Национален план за енергија и клима[9];
- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2040 година[10];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[11];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 –2027 година, со Акционен план[12];
- ✓ Стратегија за развој на женското претприемништво 2019–2023 година[13];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021–2027 година[14];
- ✓ Национална стратегија за МСП 2018–2023 година[15];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016–2025 година[16];
- ✓ Стратегија за родова еднаквост 2022–2027 година[17];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022–2026 година[18];
- ✓ Стратегија за образование 2018– 2025 година[19];
- ✓ Фискална стратегија на Република Македонија 2022 –2024 година (со перспектива до 2026 година)[20];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022– 2025 година[21] и
- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки докуемнт во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината и секако се направи усогласување со тековните документи донесени на ниво на општина:

- Родово одговорна стратегија за одржлив развој на општина Крива Паланка 2022-27;
- Стратегија за туризам на општина Крива Паланка 2020-25
- Стратегија за млади 2020-24
- Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022-26
- Социјален план на општина Крива Паланка 2021-24
- Локален акциски план за родова рамноправност на општина Крива Паланка 2021-23
- Стратегија за управување со ризиците на општина Кива Паланка

---

7 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
8 https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/NATIONAL-BIODIVERSITY_MKD.pdf
9 https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf
10 https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
11 https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
12 https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
13 https://economy.gov.mk/Upload/Documents/2023.pdf
14 https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
15 https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija.pdf
16 https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
17 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/_2022_2027.pdf
18 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
19 https://mon.gov.mk/page/?id=2048
20 https://finance.gov.mk/
21 https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

## IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ЕКОЛОШКА АНАЛИЗА, И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и анализата на животната средина беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општина Крива Паланка. На тој начин е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски – економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и анализата на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-економската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

*Табела 2: Клучни наоди од социо-економската и анализата на животната средина*

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Бројот на жители се намалува;<br>➢ Жителите и населението согласно возрасните групи кое што живее на територија на општината старее<br>➢ Населението е сконцентрирано во градот, иако има и големи села на кои што им е потребен итен развој во инфраструктура и достапност на услуги | ➢ Нови мерки за стимулирање на наталитетот како и мерки за економско јакнење на жените и нивна социјална инклузија во локалната заедница<br>➢ Намалување на економските и социјалните диспаритети, јакнење на економските и социјалните функции, заштита на животната средина и создавање можности за поквалитетно живеење. |
| ➢ Бројот на мажи во општината е поголем за 3% од бројот на жени | ➢ Ваквата застапеност на машката и женската популација упатува на можности за рамноправно користење на ресурсите и почитување на родовата еднаквост, па и за креирање на мерки за економско јакнење и социјална инклузија на жените |
| ➢ Позитивен тренд во развојот на образовната структура<br>➢ Значително квалитетна образовна структура на населението<br>➢ Поголем број од лицата со завршено високо образование се жени | ➢ Преземање стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселување;<br>➢ Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности, како и промена на видовите на едукација и можностите за доквалификација и преквалификација на повозрасното население<br>➢ Да се води родова статистика особено за повозрасното население и потребите на мажите и жените за доквалификација и преквалификација, па врз основа на потребите да се креираат мерките |
| **АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУД** | |
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Невработеноста е поголема кај лицата над 50 години, кои во поголемиот број случаи се лица кои останале технолошки вишок при затворањето на голем број на фабрики;<br>➢ Голем број од невработените лица работат | ➢ Има потреба од развивање на стратешки долгорочен пристап во делот на доквалификација и преквалификација кај локалното население со вклучена родова анализа за потребите |

| | |
|---|---|
| неформално и се јавува потреба од преквалификација и доквалификација на локалното население;<br>➢ Жените го опфаќаат поголемиот дел од неформалната економија<br>➢ И мажите и жените над 50 години се речиси подеднакво застапени во бројот на невработени лица<br>➢ Најголемиот дел од невработените се со средно образование или без квалификации<br>➢ Незаинтересираност кај младите за образование и вложување во економските дејности и струки кои што и се потребни на локалната економија | ➢ Потребно е креирање на мерки кои што ќе ги поттикнат невработените лица да вложат во своето образование и да се доквалификуваат согласно потребите на пазарот на трудот во општината<br>➢ Потребни се економски мерки и финансиска поддршка за младите уште од основните училишта да се насочат кон средни стручни училишта и занаети, како и стимулативни мерки за поттикнување на девојчињата да се насочат кон науката, информациските технологии, електро-техничките науки, како и занаетите<br>➢ Во соработка со локалните компании да се создадат можности за практиканство кои што ќе ги опфаќаат подеднакво и учениците и ученичките |

| **ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Најголемиот број од претпријатијата на територијата на општината се микро и мали претпријатија | ➢ Потребни се мерки за нивна финансиска стабилност и опстојување на долг рок |
| ➢ Бројот на мажи управители на претпријатијата е два пати поголем од бројот на жени управители | ➢ Родовата нееднаквост се забележува во делот на управувањето со компаниите, па потребни се мерки кои што ќе ги поттикнат жените да се одлучат за самовработување, основање на сопствени фирми на нивно име итн. |
| ➢ Најголем дел од претпријатијата работат во секторот трговија на големо и мало | ➢ Потребна е анализа на секторите кои што се најзастапени во општината и мерките за поддршка треба да се насочат и кон другите компании кои што ја движат локалната економија |
| ➢ Постојат ресурси и потенцијал за развој на повеќе видови на туризам, а особено на руралниот и манастирскиот поради географската положба на Крива Паланка на патот кон Бугарија | ➢ Потребно е поинтензивна реализација на стратегијата за туризам 2021-2025 година, како и изработка на нова со вклучена родова анализа на секторот<br>➢ Вложување во туристичките капацитети и потенцијали во општината<br>➢ Изработка на промотивни понуди и мапирање на Крива Паланка како една од задолжителните туристички дестинации која што треба да се посети на пат кон Бугарија<br>➢ Стимулативни мерки за мотивирање на жените особено во пограничниот дел да се вработуваат и само-вработуваат како чинители во туризмот |
| ➢ Туристичката промоција е на ниско ниво | ➢ Потребни се повеќе активности со цел поголема туристичка промоција<br>➢ Да се води родова статистика на мажи и жени посетители на туристичките места во градот<br>➢ Да се вклучат повеќе жените и девојчињата во креирањето на туристичката понуда во градот |

| АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Општина Крива Паланка има донесено Генерален урбанистички план за период 2019-2029<br>➢ Во постапка е носењето на урбанистичка планска документација за повеќе населени места вон опфат од градот, како и разработка на документација за хотелски комплекс Калин Камен | ➢ Потребно е зголемување на напорите за обезбедување на урбанистичка планска документација за населените места. |
| ➢ ЈКП е во постапка на изградба на водоводни системи во населените места во руралниот дел на општината | ➢ ЈКП да продолжи со работа на водоводниот систем во руралниот дел на општината. |
| ➢ Дел од патната инфраструктура треба да се реконструира<br>➢ Локалните патишта претежно во руралниот дел се во фаза на реконструкција<br>➢ Отежнато е движењето во руралните средини особено на жените и децата | ➢ Изградба на нови улици и локални патишта и реконструкција на постојните оштетени коловози заради подобрување на мобилноста на граѓаните, особено невработените и стари лица<br>➢ Патиштата и воопшто локалната инфраструктура да биде изградена согласно потребите и на мажите и на жените и подеднакво пристапна и за едните и за другите |
| ➢ Се уште постојат дрвени столбови во енергетската мрежа во општината, кои најчесто се делумно оштетени | ➢ Да се превземат напори за замена на дрвените столбови заради безбедност на граѓаните и непречено снабдување со електрична енергија. |

| АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Зголемена потреба од нега и помош во домот на територијата на општината | ➢ Воведување на мерки за работно ангажирање на работоспособни лица за давање на помош и нега во домот<br>➢ Поттикнување на невработените жени да се лиценцираат и вработуваат како давателки на услуги<br>➢ Да се води родова статистика за корисниците на социјалните услуги |
| ➢ Зголемен број на стари лица кои што живеат во самечки домаќинства поради масовното иселување | ➢ Воведување на мерки за интеграција на овие лица во општеството<br>➢ Изградба на дом за стари лица<br>➢ Водење на родова статистиска за бројот на лица кои што се сместени во домот<br>➢ Водење на родово-разделена статистика за лицата кои што живеат во самечки домаќинства |
| ➢ Недоволна активност на невладините организации и немање на голем број на активни локални организации | ➢ Поддршка на невладините организации во спроведување на нивните програмски цели согласно надлежностите и приоритетите на општината<br>➢ Поддршка на женски невладини организации |
| ➢ Оформена листа на чекање во градинките | ➢ Потреба од отворање на нови градинки<br>➢ Со згрижувањето на децата ќе се зголеми и економската активност на жените кои се грижат за децата |

| | |
|---|---|
| ➢ Се поголем број на деца со пречки во развојот | ➢ Потреба од отворање згрижувачки капацитети за деца со попречености кои што ќе бидат подеднакво достапни и за момчињата и за девојчињата во задоволувањето на сите нивни потреби<br>➢ Водење на родово-разделена статистика и креирање на мерки за социјална интергација согласно нивните потреби |

| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Недостиг на постојани податоци за квалитет на амбиентен воздух | ➢ Анализа на можноста за набавка на дополнителна мониторинг станица или други уреди за следење на квалитетот на амбиентниот воздух |
| ➢ Недостиг на плански документи за управување со квалитетот на воздухот | ➢ Изработка и усвојување на План за квалитетот на воздух |
| ➢ Недоизграденост на атмосферска и фекална канализација во руралните во одредени делови на општината и постоење на септички јами | ➢ Подготовка на техничка документација за изградба на систем за атмосферска и фекална канализација;<br>➢ Доизградба на фекалната и атмосферска канализација во урбаниот дел;<br>➢ Одделување на атмосферската од фекалната канализација во областите каде има мешање. |
| ➢ Постоење на диви депонии во општината | ➢ Реализација на јавна кампања за соодветно одложување на отпадот<br>➢ Отстранување на дивите депонии (ѓубришта) и нивна ревитализација;<br>➢ Изградба на собирни центри за отпад. |
| ➢ Недостаток на административен обучен кадар во општината за управување и мониторинг на состојбата со отпадот во општината | ➢ Зајакнување на административните капацитетите во Општина Крива Паланка преку вклучување во различни едукативни активности и на мажите и на жените од општинската администрација |
| ➢ Недостиг на точни и прецизни податоци за извори на бучава на територијата на општината | ➢ Донесен општински акциски план за справување со бучава;<br>➢ Изработка на мапа на извори на бучава |

| **АНАЛИЗА НА УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИ ВО ЗАЕДНИЦАТА** | |
|---|---|
| Општи карактеристики | Потреби и насоки |
| ➢ Како опасности во општината и регионот доминираат пожари, поплави, екстремни временски појави, заразни болести, суши, свлекување на земјиште и други потенцијални опасности | ➢ Реализација на на структурни и неструктурни мерки и работи за превенција на постоечките и ублажување на идни ризици<br>➢ Изградба на навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи<br>➢ Градење на култура на отпорност на катастрофи кај граѓаните |
| ➢ Дефекти на комуникациската и енергетската инфраструктура<br>➢ Несреќи во сообраќајот на патиштата<br>➢ Техничко-технолошки индиценти и несреќи | ➢ Редовно одржување на комуникациската иа енергетска инфраструктура за да се намали ризикот од дефекти<br>➢ Едукација кај граѓаните и засилени сообраќајни контроли<br>➢ Изградена е улична хидрантска мрежа |

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Општинскиот развоен тим организираше тематски состанок со засегнатите страни на теми поврзани со заштитата на животната средина и локалниот економски развој. Извештај од тематскиот состанок заедно со табели на тематски SWOT анализи е приложен како АНЕКС 2 на ИЛРП.

Во продожение во табела 3, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање во која се интегрирани и наодите од тематската SWOT анализа.

*Табела 3: Интегрална SWOT анализа*

| **Јаки страни** | **Слабости** |
|---|---|
| ➢ Геостратешка положба на Крива Паланка (Коридор 8)<br>➢ Природни богатства - шуми,богат биодиверзитет со ретки видови на животински и растителен свет, реки, водопади, заштитено подрачје (Осоговие), планинарски и рекреативни патеки<br>➢ Еколошки чист регион<br>➢ Рудни богатства на олово и цинк,антимон, злато, сребро и сл.<br>➢ Близина на два меѓународни аререродроми-Скопје и Софија<br>➢ Атрактивни локации за туризам Осоговските Планини (Калин Камен и Царев Врв) и Биљино<br>➢ Репрезентативни етно ресторани со богата гастрономска понуда на традиционална храна од локално производство, сместени во амбиентална рурална и чиста планинска средина<br>➢ Здрава храна-палнечки компир, градинарски и земјоделски производи, добиток (јагниња и телиња) одгледани во чиста еколошка средина<br>➢ Гасоводен систем низ територија на Општина Крива Паланка (поминува главна гасоводна мрежа)<br>➢ Природни убавини<br>➢ Планинско езеро<br>➢ Автентична архитектура<br>➢ Еколошки чиста средина<br>➢ Богата културно-историска понуда,<br>➢ Богата традиција | ➢ Неизработена планска документација<br>➢ Недостиг на градежно земјиште<br>➢ Недоизградена патна инфраструктура (железница, автопат, локална патна мрежа)<br>➢ Неискористени туристички потенцијали<br>➢ Одлив на кадри од општината<br>➢ Неусогласена квалификација на работната сила со потребите на пазарот<br>➢ Недостаток на квалификувана работна сила<br>➢ Незаинтересираност на младите лица за работа во текстилната, кожна индустрија , како и други производни гранки кои имаат значителен удел во локалната економија<br>➢ Недоволна искористеност на јавни објекти во општината (стари училишта, згради во останато стопанство, и др.)<br>➢ Недостиг од сместувачки капацитети<br>➢ Нерачистени имотно правни работи на поранешни деловни згради и спортски објект<br>➢ Недостаток од професионални кадри<br>➢ Неизградена гасоводна мрежа<br>➢ Неискористени потенцијали за планински и спортски туризам туризам<br>➢ Недоволно развиена патна инфраструктура  Недостиг на сообраќајна и туристичка сигнализација<br>➢ Недостаток на туристички претприемачки вештини<br>➢ Недостиг од организирани активности кои би можеле да се понудат на туристите<br>➢ Ниска свест на населението за туризам |

| | |
|---|---|
| ➢ Многу поволни климатски услови<br>➢ Одлична гео-позиција/на автопат кој води до бугарската граница<br>➢ Природни услови за развој на туризам | ➢ Недоволно ресурси за заштита на природните, културните и историските богатства  Недостаток на претприемачки дух за туризам кај населението |
| **Можности** | **Закани** |
| ➢ Постоење на финансиски институции кои кредитираат МСП и големи компании<br>➢ Постоење на активни мерки за вработување од АВРМ<br>➢ Интерес за искористување на постоечки објекти кои се во сопственост на општината<br>➢ Пристап до финасиски средства од ЕУ фондовите, домашни и странски донатори<br>➢ Растечки тренд на засилен интерес за рурален и активен планински туризам (Калин Камен)<br>➢ Создавање на нови туристички локалитети<br>➢ Огромен потенцијал за развој на спортски туризам<br>➢ Подигање на свесноста на населението за развој на туризмот<br>➢ Подигање на свесноста на населението за важноста на спортскиот туризам и земјоделските производи и нивната улога во развојот на туризмот<br>- | ➢ Економска и енергетска криза<br>➢ Нестабилна политичка и безбедносна состојба во регионот и пошироко<br>➢ Забавен пристап кон ЕУ<br>➢ Значителен одлив на населнието , а со тоа и квалификуваниот кадар<br>➢ Намален наталитет<br>➢ Нефункционални (раситнети/запуштени) земјоделски површини<br>➢ Климатски промени и природни катастрофи<br>➢ Потенцијална опасност културните и историските богатства да се оштетат, заради недоволна грижа и одржлива стратегија<br>➢ Недостиг на капацитет за сместување<br>➢ Конкуренција од другите градови од регионот<br>➢ Слаба економска моќ на општината да инвестира во развој на туризмот<br>➢ Ниска обележаност на туристичките места<br>➢ Низок животен стандард на населението |

## V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА НА ОПШТИНАТА

Визијата на Општина Крива Паланка е*: Крива Паланка е значаен транспортен и патнички коридор, економски развиена и просперитетна општина, препознатлива како атрактивна туристичка дестинација, со сопствено производство на еколошки здрава храна, традиција и културно богатство и ефикасна локална заедница во согласност со потребите на граѓаните.*

## VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНАТА

Стратешките цели произлегуваат од визијата за развој на општина Крива Паланка и се однесуваат на идентификуваните и споредбените предности на општината, истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на клучните предизвици и дефицити.

Стратешките цели се дефинирани согласно надлежностите на општината пропишани со Законот за локалната самоуправа и другата законска регулатива:

***Локален економски развој***

- ✓ Подршка на развојот на мали бизниси и претприемништво
- ✓ Повисока ефикасност во искористување на локалните ресурси за производство на еколошки здрава храна, развој на еко и гастрономски туризам

- ✓ Развој на локалната инфраструктура за подобрување на бизнис климата

*Образование*

- ✓ Подобрување на условите во образованието преку реконструкција, набавка на современа опрема и дидактички материјали, со цел квалитетно и современо образование од најмалата претшколска возраст до средно образование
- ✓ Подобрување на условите во ОУД „Боро Менков“
- ✓ Внатрешна реконструкција на 3 училишни објекти во ООУ „Јоаким Крчовски“
- ✓ Комплетна обнова на мебел во ОЈУДГ „Детелинка“ ,
- ✓ Целосно реновирање на дворна површина и поставување соодветни реквизити во ОЈУДГ „Детелинка“, ,
- ✓ Реконструкција и надградба на помошниот објект за стручно образование над спортска сала и реконструкција на покривот, ƒ
- ✓ Оградување дворно место во СОУ „Ѓорче Петров“, ƒ
- ✓ Реконструкција на спортско игралиште во ООУ „Илинден“, ƒ
- ✓ Надминување на стереотипите за наставната работа како женска професија

*Социјална и здравствена заштита*

- ✓ Зајакнати човечки и инфраструктурни капацитети за подобрена социјална и здравствена заштита
- ✓ Поголема социјална инклузија на лицата во социјален ризик
- ✓ Поголема превенција за намалување на лицата во социјален ризик

*Култура*

- ✓ Соодветно заштитетно културно наследство
- ✓ Соодветна конзервација на историските објекти, ƒ
- ✓ Заштита на културното нематеријално наследство, ƒ
- ✓ Одржливо финансирање на традиционалните културни манифестации.
- ✓ Институционален и техничко-технолошки развој на културните установи и оформување нови простории и капацитети од областа на културата
- ✓ Инклузија на младите во музички, творечки и уметнички секции, преку формирање програма за континуирано финансирање ментори во културата,
- ✓ Стипендирање млади таленти во културата, ƒ
- ✓ Реорганизација на годишната програма за култура;
- ✓ Организирање кино и театарски претстави за сите генерации, ,
- ✓ Културата во функција на развој на туризмот, ,
- ✓ Поддршка на културни манифестации и дејци, ,
- ✓ Нови и надградба на постојни културни активности што ќе носат промоција на општината и дополнителни приходи за локалната економија, ƒ
- ✓ Поддршка и промоција на културното творештвото на жените (изложби, претстави, книги итн.), ƒ
- ✓ Поддршка за женското претприемништво во културата.

*Спорт и рекреација*

- ✓ Изградба на фитнес центри, ƒ
- ✓ Изградба на спортски игралишта (приспособени и на специфичните потреби на жените), ƒ
- ✓ Изградба и унапредување на патеките за off-road рели на Калин Камен,
- ✓ Маркирање планинарски патеки,
- ✓ Изградба на полетувалиште за параглајдинг, ƒ
- ✓ Трасирање патеки за планински велосипедизам, ƒ

- Изградба и адаптација на планинарски домови.

*Комунални дејности*

- Навременото донесување на планска документација за потребите на населеното и вон населеното место е неопходно и приоритетно во развојниот процес на Општина Крива Паланка
- да се обезбеди целосна покриеност и обезбедување на квалитетна услуга во делот на водоводна и канализациона мрежа во сите делови во општина Крива Паланка, вклучително сите рурални и селски средини
- да се обезбеди целосна поврзаност на сите делови во општина Крива Паланка, вклучително и до сите рурални и селски средини
- да се обезбеди целосна покриеност и обезбедување на квалитетна услуга во делот на водоводна и канализациона мрежа во сите делови во општина Крива Паланка, вклучително сите рурални и селски средини

*Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште*

- Изработка и ревизија на урбанистичките планови, ƒ
- Изработка и ревизија на проекти и техничка документација, ƒ
- Изработка на студии и документи, ƒ
- Гасификација на Општина Крива Паланка, ƒ
- Формирање Општински фонд за развој преку креирање стимулативни општински политики.

*Заштита на животната средина и природата*

- Доследна примена на законската регулатива за заштита на животната средина, ƒ
- Поголема соработка на Општина Крива Паланка со НВО и бизнис секторот во областа на заштитата на животната средина, ƒ
- Одржливо и совесно искористување на природните ресурси ,
- Валоризација на природните ресурси, ,
- Брендирање, презентирање и развој на природните ресурси,
- Воспоставување соодветна заштита и соодветен контролен механизам во делот на искористување на природните ресурси, ƒ
- Намалување на загадувањето на природните медиуми (воздух, вода, почва),
- Намалување на количината на одложен отпад (селекција и рециклирање),
- Обуки, работилници и иницијативи за влијанието на климатските промени врз локалната заедница и посебни групи чинители (млади, жени итн.)
- Подигање нови урбани зелени површини, ƒ
- Спроведување акции за пошумување, ƒ
- Изградба на фекална канализација и колекторски систем ,
- Изработка и донесување на урбанистичко планска документација според потребите за одржливо искористување, ,
- Изградба на соодветна комунална инфраструктура во согласност со донесената урбанистичко-планска документација, ƒ
- Изградба на регионална депонија, ƒ
- Изградба на пречистителна станица за градот, селата и за рудникот Тораница.

*Родова еднаквост*

- ✓ Унапредување на севкупната состојба со човековите права и унапредување на родовата еднаквост
- ✓ Континуирано информирање и едукација за правата и родовата еднаквост
- ✓ Редовно собирање родово-разделени податоци.

## VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ

За општина Крива Планака еден од основните развојни приоритети е оптимизација на искористувањето на локалните ресурси и нејзино фокусирање на ефикасната и одржлива употреба на ресурсите кои се достапни во локалната заедница. Меѓу нив се развојот на локалните бизниси преку поддршка на мали и средни претпријатија, индивидуални селски стопанства, земјоделски задруги и друго, како можност да ја стимулира локалната економија и да креира нови работни места. Ова е важно за економскиот и социјалниот развој на општината, како и за поширокиот регион. Со развојот пак на локалната патна инфраструктура и промоција на културното богатство и традиција, општина Крива Паланка ќе стане препознатлива туристичка дестинација искористувајќи ја својата поволна местоположба како транспортен и патнички коридор. Исто така ќе се вложува и во развојот на пограничната соработка која што досега покажала добри резултати, а во насока на подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во локалната заедница.

## VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

Со цел ИЛРП да биде блиску поврзан со буџетскиот процес во општина Крива Паланка, направена е примарна анализа на приходите и расходите на општината по сметки, за 2021 и 2022 година и на вкупни расходи по надлежности за 2021 и 2022 година.

Наодите се презентирани во трите табели подолу.

*Табела 4. Приходи на општината по сметки за 2021 и 2022 година*

| **Приходна сметка** | **2021** | **2022** | **Раст 2022/2021** | **Структура 2021%** | **Структура 2022%** | **% променанаструктура** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општината | **156.855.327** | **155.026.844** | **-1,17%** | **36,87%** | **38,66%** | **4,86%** |
| Донации | 24.635.068 | 24.487.704 | **-0,60%** | **5,79%** | **6,11%** | **5,46%** |
| Кредити | 22.139.818 | 0 | **-100,00%** | **5,20%** | **0,00%** | **-100,00%** |
| Самофинансирачки активности | 2.915.827 | 4.951.415 | **69,81%** | **0,69%** | **1,23%** | **80,16%** |
| Дотации | **218.936.626** | **216.585.588** | **-1,07%** | **51,46%** | **54,00%** | **4,95%** |
| **Вкупен приход** | **425.482.666** | **401.051.551** | **-5,74%** | **100,00%** | **100,00%** | **0,00%** |

*Табела 5. Расходи на општината по сметки за 2021 и 2022 година*

| Расходна сметка | 2021 | 2022 | Раст 2022/2021 | Структура 2021% | Структура 2022% | % променаструктура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основенбуџетнаопштините | **156.855.327** | **155.026.844** | **-1,17%** | **37,23%** | **38,73%** | **4,03%** |
| Донации | 20.729.401 | 24.487.704 | **18,13%** | **4,92%** | **6,12%** | **24,34%** |
| Кредити | 22.139.818 | 0 | **-100,00%** | **5,25%** | **0,00%** | **-100,00%** |
| Самофинансирачкиактивности | 2.651.325 | 4.167.155 | **57,17%** | **0,63%** | **1,04%** | **65,44%** |
| Дотации | **218.936.626** | **216.585.588** | **-1,07%** | **51,97%** | **54,11%** | **4,13%** |
| **Вкупни расходи** | **421.312.497** | **400.267.291** | **-5,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **0,00%** |

*Табела 6: Вкупни расходи на општината по надлежности во 2021 и 2022 година*

| Надлежност | 2021 | 2022 | Раст 2022/2021 | Структура 2021% | Структура 2022% | % променаструктура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А- Советнаопштина | **4.590.885** | **6.528.331** | **42,20%** | **1,09%** | **1,63%** | **49,68%** |
| Д- Градоначалник | 1.325.294 | 1.349.169 | **1,80%** | **0,31%** | **0,34%** | **7,15%** |
| Е- Општинскаадминистрација | 41.302.160 | 53.218.360 | **28,85%** | **9,80%** | **13,30%** | **35,63%** |
| Ф- Урбанопланирање | 214.936 | 118.000 | **-45,10%** | **0,05%** | **0,03%** | **-42,21%** |
| Г- Локаленекономскиразвој | **3.480.824** | **3.680.756** | **5,74%** | **0,83%** | **0,92%** | **11,30%** |
| Ј- Комуналнидејности | **137.046.083** | **89.705.350** | **-34,54%** | **32,53%** | **22,41%** | **-31,10%** |
| К - Култура | 5.393.586 | 13.018.305 | **141,37%** | **1,28%** | **3,25%** | **154,06%** |
| Л - Спорт и рекреација | 456.000 | 701.001 | **53,73%** | **0,11%** | **0,18%** | **61,81%** |
| М – Програмизаразвој | 0 | 0 | **#DIV/0!** | **0,00%** | **0,00%** | **#DIV/0!** |
| Н - Образование | **192.809.159** | **192.167.481** | **-0,33%** | **45,76%** | **48,01%** | **4,91%** |
| Р – Заштитаназаживотнасредина и природа | 979.976 | 1.085.551 | **10,77%** | **0,23%** | **0,27%** | **16,60%** |
| Т – Унапредувањеназдравственазаштита | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** |
| В – Социјалназаштита и заштитанадеца | **24.263.247** | **28.531.124** | **17,59%** | **5,76%** | **7,13%** | **23,77%** |
| W– Противпожарназаштита | 9.450.347 | 10.163.863 | **7,55%** | **2,24%** | **2,54%** | **13,20%** |
| Q - Заштита и спасување | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** |
| X – Родоваеднаквост | 0 | 0 | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** |
| **Вкупно расходи** | **421.312.497** | **400.267.291** | **-5,00%** | **100,00%** | **100,00%** | **0,00%** |

*Табела 7. Приходи на општината по сметки за 2022 и 2023 година*

| Приходна сметка | 2022 | 2022 | Раст 2023/2022 | Структура 2022% | Структура 2023% | % променанаструктура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен буџет на општината | **155.026.844** | | | **38,66%** | | |
| Донации | 24.487.704 | | | **6,11%** | | |
| Кредити | 0 | | | **0,00%** | | |
| Самофинансирачки активности | 4.951.415 | | | **1,23%** | | |
| Дотации | **216.585.588** | | | **54,00%** | | |
| **Вкупен приход** | **401.051.551** | | | **100,00%** | | |

*Табела 5. Расходи на општината по сметки за 2022 и 2023 година*

| Расходна сметка | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022% | Структура 2023% | % променанаструктура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основенбуџетнаопштините | **155.026.844** | | | **38,73%** | | |
| Донации | 24.487.704 | | | **6,12%** | | |
| Кредити | 0 | | | **0,00%** | | |
| Самофинансирачкиактивности | 4.167.155 | | | **1,04%** | | |
| Дотации | **216.585.588** | | | **54,11%** | | |
| **Вкупни расходи** | **400.267.291** | | | **100,00%** | | |

*Табела 6: Вкупни расходи на општината по надлежности во 2022 и 2023 година*

| Надлежност | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022% | Структура 2023% | % променанаструктура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А- Советнаопштина | **6.528.331** | | | **1,63%** | | |
| Д- Градоначалник | 1.349.169 | | | **0,34%** | | |
| Е- Општинскаадминистрација | 53.218.360 | | | **13,30%** | | |
| Ф- Урбанопланирање | 118.000 | | | **0,03%** | | |
| Г- Локаленекономскиразвој | **3.680.756** | | | **0,92%** | | |
| Ј- Комуналнидејности | **89.705.350** | | | **22,41%** | | |
| К - Култура | 13.018.305 | | | **3,25%** | | |
| Л - Спорт и рекреација | 701.001 | | | **0,18%** | | |
| М – Програмизаразвој | 0 | | | **0,00%** | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Н - Образование | **192.167.481** | | | **48,01%** | | |
| Р – Заштитанаживотнасредина и природа | 1.085.551 | | | **0,27%** | | |
| Т – Унапредувањеназдравственазаштита | 0 | | | **0,00%** | | |
| В – Социјалназаштита и заштитанадеца | **28.531.124** | | | **7,13%** | | |
| W– Противпожарназаштита | 10.163.863 | | | **2,54%** | | |
| Q - Заштита и спасување | 0 | | | **0,00%** | | |
| Х – Родоваеднаквост | 0 | | | **0,00%** | | |
| **Вкупно расходи** | **400.267.291** | | | **100,00%** | | |

| Надлежност | Програми | Потпрограми | Опис на потпрограмата |
|---|---|---|---|
| а- совет на општина | а0 | а00 | совет на општина |
| д-градоначалник | д0 | д00 | градоначалник |
| е-општинска администрација | е0 | е00 | општинска администрација |
| | еа | еа0 | капитални расходи на општината |
| ф- урбано планирање | ф1 | ф10 | урбанистичко планирање |
| | ф2 | ф20 | уредување на градежно земјиште |
| | фа | фа0 | капитални расходи за уредување на градежно земјиште |
| г-локален економски развој | г1 | г10 | поддршка на локалниот економски развој |
| | гд | гд0 | проекти за енергетска ефикасност |
| ј-комунални дејности | ј3 | ј30 | јавно осветлување |
| | ј4 | ј40 | јавна чистота |
| | ј6 | ј60 | одржување и заштита на локални патишта, улици и мостови и регулирање на режим на сообраќајот |
| | ј7 | ј70 | одржување и користење на паркови и зеленило |
| | ј8 | ј80 | други комунални услуги |
| | ја | ја0 | изградба на јавно осветлување |
| | јд | јд0 | изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови |
| | ји | ји0 | изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води |
| | јл | јл0 | капитални расходи за други комунални услуги |
| к -култура | k4 | k40 | културни манифестации и творештво |
| | ka | ka0 | капитални расходи во културата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| л - спорт и рекреација | л0 | л00 | спорт и рекреација |
| | ла | ла0 | капитални расходи за спорт и рекреација |
| р - заштита на животна средина и природа | р1 | р10 | заштита на животна средина и природа |
| | ра | ра0 | капитални расходи за заштита на животна средина и природа |
| в - социјална заштита и заштита на деца | в1 | в10 | детски градинки |
| | ва | ва0 | капитални расходи за детски градинки |
| љ – заштита и спасување | љ0 | љ00 | заштита и спасување |
| |ља |ља0 | капитални расходи за заштита и спасување |
| џ- родова еднаквост | џ1 | џ10 | родова еднаквост |

**8.1 Програма за урбанистичко планирање**

Цел на програмата за урбано планирање на Општина Крива Паланка е да се создаде основа за изработка и донесување на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, како и основа за уредување и опремување на градежното земјиште. Активностите се разработени низ соодветни потпрограми кои што опфаќаат урбанистичко планирање, уредување на градежно земјиште и уредување на простор во рурални подрачја.

Од приоритетно значење е низ соодветно и современо урбанистичко планирање да се создадат поволни услови за економски развој на општината, за нови инвестиции, кои би придонеле и за нови вработувања

Визијата на општина Крива Паланка во делот на урбанистичкото планирање и уредување е следна: *Општина Крива Паланка – модерна урбана средина со пријатни услови за живеење и просторни можности за развој и унапредување*

Предлог-програмата за предвидениот период за изработка на урбанистички планови е во согласност со член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање каде се изработуваат урбанистички планови и проекти кои се финасираат од буџетот на општината и од страна на заинтересирани правни и физички лица. Годишната програма задолжително се објавува во службено гласило на општината и во електронска форма се објавува на официјалната веб страна на општината и во информацискиот систем на е-урбанизам. Во урбанистичките планови покрај приватниот интерес на правни и физички лица е опфатен и јавниот интерес во просторот кој е опфатен со уредување и хуманизација, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и зачувување на природните и културните вредности на просторот. За интересот на локалната заедница и развојната стратегија на општината, како јавниот интерс, се води грижа во сите фази од урбанистичкото планирање, односно во постапките на изработување, донесување, спроведување и следење на спроведуувањето на урбанистичките планови. Со урбанистичките планови и урбанистичкото планирање се штити јавниот интерес кој е приоритетен, додека приватниот интерес се обезбедува согласно закон. Урбанистичкото планирање е дел од системот на просторно и урбанистичко планирање што се состои од Просторниот план на РСМ каде урбанистичките планови се дел од спроведувањето. Со урбанистичкото планирање и урабнистичките планови се планираат приоритетите во областа на урбаното живеење. Урбанистичкото планирање се обезбедува со континуиран процес на изработка, донесување, спроведување и следење на плановите. Урбанистичко планирање е планерска урбанистичка и урбанистичко-архитектонска дејност за просторно разработување и спроведување на просторните планови со физичко обликување и

уредување на границите на населените места и на градбите вон населените места, како и организација, намена, начинот на употреба на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби. Урбанистички план е јавен документ со кој се уредува организацијата, намената, формата и начинот на употреба на просторот и земјиштето, како и просторните и функционалните услови за изградба и употреба на планираните градби. Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува за разработка и спроведување на урбанистичкиот план.

Навременото донесување на планска документација за потребите на населеното и вон населеното место е неопходно и приоритетно во развојниот процес на Општина Крива Паланка. Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата. Со урбанистичките планови се уредуваат границите на населените места и границите на планираните градби вон населените места, организацијата, намената, начинот на употреба на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби во и вон границите на населените места, како и сообраќајната и секоја друга инфраструктура, заштита и уредување на животната средина, недвижното културно наследство и други аспекти на социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби. Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови каде се обезбедува рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив просторен развој, сочување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, справување со климатските промени, сочување и заштита на недвижното културно наследство, безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии. Целите на урбанистичкото планирање се остварува со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредување на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови со интегрален пристап во планирањето, грижа и развој на регионалите особености, остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес, инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите, хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето, уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.

Потпрограми:

**Потпрограма 1 - Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработка и донесување**

Цел на потпрограмата

*Основна цел на програмата е зголемен степен на урбанизација на градот и донесување на функционални планови*

| **Потпрограма/ Наслов на проектот/** | **Стратешка цел/и на ИЛРП кон кои потпрограмата/проектот придонесува** | |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработка и донесување | **Специфична програмска цел/и на ИЛРП кон кои придонесува потпрограмата/проектот**<br><br>*Основна цел на програмата е зголемен степен на урбанизација на градот и донесување на функционални планови* | |
| **Потпрограма/Носител на проектот** | ● Општина Крива Паланка /Сектор за урбанизам | |
| **Партнери за имплементација** | | |
| **Потпрограма** | Навременото донесување на планска документација за потребите на населеното и вон населеното место е неопходно и приоритетно во развојниот процес на Општина Крива Паланка. Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата. Со урбанистичките планови се уредуваат границите на населените места и границите на планираните градби вон населените места, организацијата, намената, начинот на употреба на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби во и вон границите на населените места, како и сообраќајната и секоја друга инфраструктура, заштита и уредување на животната средина, недвижното културно наследство и други аспекти на социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби. Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови каде се обезбедува рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив просторен развој, сочување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, справување со климатските промени, сочување и заштита на недвижното културно наследство, безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии. | |

| | |
|---|---|
| **Краток опис** | Со донесување на ГУПот во 2023 година, се создаде широко поле за развој  на општината, но претходно е потребно да се наааправи ревизија на постоечкитеДУПови и донесување на нови со намена дефинирана во ГУПот. Поради тоа, во планираниот програмски период предвидени се донесување на поголем број на ДУПови од страна на општината, но и со поддршка на приватни субјекти, што ќе резулатира со отварање на можности за широк развој и изградба на нови капацитети.Во планираната планска програма за предвидениот период ќе се завршат или започнат нови постапки за донесување на повеќе детани планови, но и УПВНМ, како и документација за села, за што се предвидени средства од општинскиот буџет. Целта е да се овозможи нов тренд во изградба на капацитети и прибирање на поголеми приходи во општинскиот буџет од комуналии и данок на имот. |

| | |
|---|---|
| **Работни пакети - групи на акции/активности** | **<u>Работен пакет 1:</u>**<br><br>Работниот пакет 1 предвидува Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработка и донесување активности кои се оденсуваат на чествување на значајни датуми, настани и празници, а се од интерес на локалната заедница. Во рамки на овој работен пакет се предвидени следните актвности:<br><br>Детални урбанистички планови за Крива Паланка<br><br>- Изработка и донесување на ДУП за блок И-13 (блок 7-А според ГУП од 2014);<br>- Изработка и донесување на ДУП за блок дел од Ј-01 (блок 10-А според ГУП од 2014);<br>- Изработка и донесување на ДУП за блок дел од З-04 (блок 13-В според ГУП од 2014). Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:<br>-ДУП за блок И-13 (блок 7-А според ГУП од 2014) Границата започнува од вливот на долот „Единство“ во „Крива Река“ и се движи узводно по долот и доаѓа до мостот на долот и ул.„Св. Јоаким Осоговски“, поминува преку улицата и оди по границата со нас. „Единство“ и доаѓа до ул.„Пиринска“ кај „ловечки дом“ каде што свртува кон исток и доаѓа до ул.„Св. Јоаким Осоговски“, продолжува по улицата кон североисток и доаѓа до новиот крак и излегува на мостот со „мостот Нимулија“ каде што свртува низводно по долот и доаѓа до вливот на „долот Нимулија“ во „Крива Река“, свртува низводно и оди по коритото на „Крива Река“ и доаѓа до вливот на долот „Единство“ во „Крива Река“. Површината на опфатот изнесува 6,48 ха. (финансиран од Општина Крива Паланка)<br>- ДУП за блок дел од Ј-01 (блок 10-А според ГУП од 2014) Границата започнува од вливот на долот „Скрљавски дол“ во „Крива Река“ и оди кон југ узводно по долот и доаѓа до ул„Св. Јоаким Осоговски“, свртува кон исток и оди по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ и доаѓа до долот кај житен склад каде што свртува кон север и оди по течението на долот до вливот на долот во „Крива Река“ каде што свртува кон запад и оди по течението на „Крива Река“ и доаѓа до вливот на „Скрљавски дол“ во „Крива Река“. Површината на опфатот изнесува 11,89 ха. (финансиран од Општина Крива Паланка)<br>- ДУП за блок дел од З-04 (блок 13-В според ГУП од 2014) Границата започнува северозападно од магистралниот пат А2 кај долот кај бензинска пупма во населба „Грамаѓе“ продолжува јужно по долот до улица „Пролетерска“ каде свртува источно по улица „Пролетерска“ до КП7128 каде продолжува југо-источно по граници на КП до дол кај КП7125 каде по долот продолжува северно, ја пресекува улица „Пролетерска“ на север по долот до магистралниот пат А2 каде свртува западно по осовина на магистралниот пат А2. Површината на опфатот изнесува 7,01 ха. (финансиран од физички лица)<br>1.2. Урбанистички план вон населено место асс зѐ -Изработка на УПВНМ за изградба на локална депонија за одлагање на неопасен отпад со намена Е3.1 и згради за ветеринарна заштита: стационар и ординации за домашни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Детална временска рамка со опис на очекуваните резултати и показатели за успех (на ниво на исход и излезен резултат)** | Оваа потпрограмата предвидена за реализација во наредниот програмски период во 204-26 година. По основ на настаните, показател на успех е бројот на посетители, зголемување на активностие по предлог на граѓаните и слично.<br>Показател на успех ќе биде бројот на донесени функционални дупови | | |
| **Ризици и претпоставки - Акции за ублажување на ризикот** | / | | |
| **Родова респонсивност (краток опис)** | Програмата сама по себе е родово одговорна, бидејќи е наменета за двата пола подеднакво. Донесените акти и ДУПови ќе бидат од интерес и корист за целата локална заедница со тоа што жените ќе бидат вклучени во јавните расправи при донесувањето на ДУП-овите, како и во делот на имплементацијата, односно, при изградбата на инфаструктурата истата ќе биде родово-сензитивна и ќе насотјува да ги покрие потребите и на мажите и на жените и на момчињата и на девојчињата | | |
| **Веќе спроведени подготвителни активности/чекори** | -Минатата 2023 година – општината донесе ГУП , во кој се дефинирани опфатот на урбаното подрачје и сите дупови што треба да се донесат и се дел од оваа програма | | |
| **Статус на потпрограмата/проектот** | Во фаза на донесување .. за дел од нив веќе се започнати постапки, а дел се во напредна фаза. | | |
| **Период на реализација на потпрограмата/проектот** | Потпрограмата треба да се реализира во периодот за 2024 година , но и во 2025 и 2026 година | | |
| **Очекувани вкупни трошоци** | / | **Досега инвестирано: Износ и извор** | / |
| **Очекувани извори на финансирање :<br>- општински буџет –<br>- приватни заинтересирани страни и субјекти** | | | |

| | |
|---|---|
| **Општински буџет** | - За изработка на ДУП за блок И-13 - 184.500,00 денари.<br>- За изработка на ДУП за блок дел од Ј-01 - 755.000,00 денари.<br>- За изработка на УПВНМ со површина од1.119 ха, од глава III, точка 1, потточка 1.2, алинеја - 300.000,00 денари.<br>-За изработка на УПВНМ со површина од 7.3 ха, од глава III, точка 1, потточка 1.2, алинеја 2 - 640.000,00 денари.<br>- За изработка на ДУП за блок З-01 со површина од 7.66 ха, од глава III точка 2, потточка 2.1 алинеја - 770.000,00 денари.<br>- За изработка на ДУП за дел од блок С-03 со површина од 0.85 ха, од глава III точка 2, потточка 2.1 алинеја 2 - 184.000,00 денари.<br>- За изработка на ДУП за дел од блок С-04 со површина од 0.85 ха, од глава III точка 2, потточка 2.1 алинеја 3 - 564.000,00 денари.<br>- За изработка на урбанистички проекти од глава III точка 3, алинеја 1 на оваа програма - 2 500.000,00 денари.<br>-За изработка на УПВНМ од глава III точка 4, алинеја 1 на оваа програма - 500.000,00 денари.<br>- За изработка на урбанистички планови за село од глава III точка 5 на оваа програма- 500.000,00 денари . -<br>За ревизија урбанистички планови од глава III точка 6 - 300.000,00 ден<br>- За набавка на хидролошка студија од глава III точка 7 - 150.000,00 денари.<br>- За набавка на Конзерватроски основи од глава III точка 8 - 100.000,00 денари.<br>- За набавка на Услови за планирање на просторот од глава III точка 9 - 400.000,00 денари.<br>Вкупно потребни средства за реализација на Програмата за урбанистички планови за 2024 година се во вредност од **7.847.000,00** денари и истите ќе се обезбедат од буџетот на општината |
| **Друг извор (наведете ги поединечните извори на финансирање)** | Износ –<br>За изработка на ДУП за блок дел од З-04 -средствата за финасирање ќе се обезбедат од физички лица.<br>. За изработка на ДУП за дел од блок Ј-06 со површина од 0.55 ха, од глава III точка 2, потточка 2.1 алинеја 4 средствата за финасирање ќе се обезбедат од физички лица |

## 8.2 ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието е еден од клучните елементи од кои зависат квалитетот на социјалниот и економскиот живот во општеството.Образованието претставува дејност од јавен интерес кое фокусирано на индивидуално ниво дава можност за стекнување знаења, вештини, пристап за критичко размислување како и правење избор во насока на подобрување на квалитетот на животот на луѓето од било која возраст и пол (деца, млади и возрасни). На општествено ниво пак, дава можност за севкупен развој на заедницата. Од тука смислата на децентрализацијата во образованието е да се подобри непосредниот пристап и да се унапреди квалитетот на стандардите во спроведување на образованието, со што се овозможува зголемено учество во процесот на донесување на одлуки и во процесот на управување со

училиштата како и ефикасна контрола врз воспитно-образовниот процес и квалитетот на наставата, а се разбира и преземање одговорност за негово финансирање.

➢ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните (мажите и жените, момчињата и девојчињата) од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења

АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции;
- Елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на лица кои се исклучени од образовниот процес;
- Овозможување на едукација, стручно усовршување и мотивација на наставниот кадар;
- Вклучување на родителите и учениците во подготовка на план за управување и активизам во образованието;
- Зголемување на делот на општинскиот буџет наменет за развојни активности во образованието;
- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование;
- Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства со единствена цел помош и поддршка за еднаков пристап и можности на сите ученички и ученици до образовниот процес;
- Создавање услови и креирање на постапки и процедури за стимулирање и субвенционирање на талентирани ученички и ученици со цел нивно натамошно унапредување и усовршување во образовниот процес.

➢ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени Програмата ќе се финансираат од средства во Буџетот на Општина Крива Паланка, Министерство за образование и наука, сопствени приходи на училиштата и од донации. При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститоризаинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Оперативна родово-сензитивна буџетска програма за образование | Ознака на буџетска/општинска програма | |

| Развојна потпрограма | Родово-сензитивна буџетска програма за образование | Ознака на развојна потпрограма | |
|---|---|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | - Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења;<br>-Овозможување на едукација, стручно усовршување и мотивација на наставниот кадар<br>- Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства со единствена цел помош и подршка за еднаков пристап и можности на сите ученици/чки, студенти/тки во образовниот процес<br>- Социјален дијалог и образование фокусирано на севкупен развој на заедницата<br>- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование | | |
| Планирани активности | - Стипендии за талентирани ученици/чки и студенти/тки (донесување на одлука за стипендии, донесување на правилник за стипендии, објавување на конкурс, склучување на договори)<br><br>- Поддршка на талентирани ученици/чки за учество на државни и меѓународни натпревари (Обезбедување на подршка на ученици/чки за учество на натпревари)<br><br>- Избор на најуспешен просветен работник/чка<br><br>- Субвенциониран превоз на студенти /тки; Еднократна парична помош на семејства со прваче; Еднократна парична помош за матуранти/тки запишани во СОУ Ѓорче Петров, Крива Паланка<br><br>- Манифестации организирани од основните и средните училишта по разни поводи; Вклучување на родители и ученици/чки во разни манифестации; Организирана посета на културно-историски настани во градот<br><br>- Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти; Блок дотација за основно образование; Блок дотација за средно образование; учество на општината во партнерски проекти | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Стимулирање на талентирани ученици/чки, студенти/тки Унапредување и усовршување на знаењата на учениците/чките, студентите/тките Број на доделени стипендии разделени според пол;<br><br>Стимулирање на талентирани ученици/чки, Број на ученички и ученици кои учествувале на државни и меѓународни натпревари<br><br>Мотивација на наставниот кадар<br><br>Помош и подршка за студентите/тките - Број на субвенционирани ученици за превоз;<br><br>Помош и поддршка на сите семејства на деца со првачиња (- Број на поднесени барање за помош на прваче разделен по пол - Број на донесени решенија за | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | еднократна парична помош за прваче разделен по пол на ученикот/ученичката)<br><br>Помош и поддршка за сите матуранти (Број на поднесени барање за помош за матуранти разделен по пол - Број на донесени решенија за еднократна парична помош за матуранти разделен по пол на ученикот/чката)<br><br>Број на вклучени ученици/чки во разни манифестации разделени по пол<br><br>Обезбедено осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти со што се зголемува безбедноста на учениците и ученичките во улиштата (број на ученички/ученици запишани во обезбедените училишта) | | | |
| Ризик и претпоставки | Недоволно интерес за стипендиите, недоволно дисеминирани информации до пошироката јавност, високи критериуми; Недоволно интерес за стипендиите, недоволно дисеминирани информации до пошироката јавност; Недоволно интерес, недоволно дисеминирани информации до пошироката јавност; Несоодветна распределба на доделените средства, ненавремена реализација, доцнење на јавните набавки | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Септември 2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | Тековно на почетокот на секоја учебна година (2024, 2025, 2026, 2027) | | | |
| Вкупна вредност | 7.555.106 | | | |
| Име на студија | Родово-сензитивна програма за образование | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 1.817.553 | 1.857.553 | 1.920.000 | 1.960.000 |
| Статус на реализација на проектот | Во текот на секоја учебна година | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Крива Паланка, МОН | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Самата програма за образование е изработена со родово-сензитивен јазик и ги опфаќа подеднакво потребите и на учениците/чките и студентите/ките. | | | |

## 8.3 КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Цел на програмата:

Општина Крива Паланка – урбана смарт средина со висок степен на изграденост и модерна и функционална комунална инфраструктура

**Програма за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Според законот за јавни патишта мрежата на јавните патишта ја сочинуваат државните патишта (автопатишта, експресните патишта, магистралните и регионалните патишта од прва и втора категорија) и општинските патишта и улиците во градовите и другите населени места. Критериумите за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки ги утврдува Владата на Република Македонија. Категоризација на јавните патишта на општински патишта и улиците во населените места согласно со тие критериуми врши Советот на општината, односно Советот на градот Скопје

Навременото донесување на планска документација за потребите на населеното и вон населеното место е неопходно и приоритетно во развојниот процес на Општина Крива Паланка. Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата. Со урбанистичките планови се уредуваат границите на населените места и границите на планираните градби вон населените места, организацијата, намената, начинот на употреба на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби во и вон границите на населените места, како и сообраќајната и секоја друга инфраструктура, заштита и уредување на животната средина, недвижното културно наследство и други аспекти на социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби. Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови каде се обезбедува рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив просторен развој, сочување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, справување со климатските промени, сочување и заштита на недвижното културно наследство, безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии. Целите на урбанистичкото планирање се остварува со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредување на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови со интегрален пристап во планирањето, грижа и развој на регионалите особености, остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес, инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите, хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето, уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.

Потпрограми:

***Потпрограма 1 - Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка***

**Цел на потпрограмата**

*Основна цел на програмата е да се обезбеди целосна поврзаност на сите делови во општина Крива Паланка, вклучително и до сите рурални и селски средини*

**Потпрограма/Носител на проектот -** Општина Крива Паланка / Сектор за урбанизам, животна средина, сообраќај и комунална инфраструктура / Одделение за изградба и оддржување на комунална инфраструктура

**Потпрограма/Позадина на проектот со опис на предизвикот/-ците што треба да се адресираат**

На планирањето, изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата и инвестиционото одржување на јавните патишта и улици се применуваат прописите за градење и за просторно и урбанистичко планирање. Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје. По извршената изградба или реконструкција на јавен пат, на дел од јавен пат или објект на патот, се врши технички прием согласно со Законот за градење, врз основа на кој се издава одобрение за употреба на патот. Според Законот за јавни патишта:
-Под изградба на јавен пат се подразбира изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса.
-Под реконструкција на јавен пат се подразбира изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголеми нивото на услугата на патот.
-Под рехабилитација на јавен пат се подразбира подобрување и зајакнување на коловозната конструкција и објектите на патот (нивелетата, одводнувањето, сообраќјната сигнализација и друго), а во рамките на постоечкиот пат односно траса на патот.

-Работи на редовно одржување се сите активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот. Работи на зимско одржување се сите активности за обезбедување на сообраќајот во зимски услови. Работи на периодично одржување се сите активности кои повремено се преземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура. Работи на интервентно одржување на патиштата се активности за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на патот. Согласно со погоре наведеното, Донесувањето на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за предвиден период е законска обврска која ги опфаќа сите активности за изготвување на техничка документација, градење, реконструкција, рехабилитација и тековно одржување на локалните улици и патишта. Исто така, според Законот за јавни патишта, за изградба и одржување на дел од асфалтните и земјани патишта кои се на територијата на општината, а кои се рангирани како меѓународни, магистрални и регионални патишта надлежно за изградба, реконструкција и одржување е ЈП за државни патишта преку ЈП Македонија Пат, а за поголемиот дел во должина од околу 100км асфалтен коловоз и околу 85 км земјан коловоз надлежна е општината. На територијата на општина Крива Паланка постојат 34 населени места кои главно се доста оддалечени од градот. Тоа подразбира долга основна мрежа на локални патишта до централниот дел на селата која е главно со асфалтен коловоз, но и разгранета секундарна мрежа од земјани патишта кон пооделни маала во селата кои се главно од разбиен вид. И покрај тоа што во изминатиов период доста се инвестираше во изградба и реконструкција на локалната патна мрежа, сепак потребни се уште многу повеќе средства за подобрување на глобалната состојба на општинско ниво. Општина Крива Паланка за наредниот програмски период за реализација на дел од активностите кои се предвидени со оваа Програма, а кои се започнати или новопредвидени, веќе има обезбедено значителни финансиски средства главно од Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а се очекуваат средства и од АФПЗРР, Министерството за транспорт и врски и други институции. Во некои од овие проекти општината ќе

учествува и со сопствени средства како делумно кофинансирање, како и за делот на исплата на ДДВ, а предвидени се  финансиски средства  и за самостојна реализација на одредени активности.

**Краток опис – Како ќе се адресира предизвикот**

Во последните неколку години во општината со силен интензитет се работи на поврзување на општината со Скопје, но и со Бугарија, преку граничниот премин Деве Баир. Во рамки на овој процес во напредна фаза е изградбата на магистралниот пат Страцин – Крива Паланка, што значително ќе го скрати патувањето кон Скопје, но и реконструкцијата и проширување на делницата Крива Паланка-Деве Баир, што ќе отвори нови хоризонти во развојот на градот. Со ваков развој на настаните, општината превзеде широк маневар на активности за интерно средување на патната мрежа во самата општина преку реконструкција на градските улици и реконструкција и изградба на улици за поврзување кон сите рурални и селски средини. Во таа насока ќе се продолжи во наредниот програмски период, за кој се предвидени активности за изработка и докомплетирање на техничка документација за овие активности, со средства од општинскиот буџет, но и за имплементација на веќе изготвени преокти за кои постои соодветна техничка документација. Со донесувањето на ГУПот ќе се откочи и овој процес, па поради тоа се предвидуваат значителни финансиски средства за техничка документација, но и за реконструкција и изградба на локалната патна мрежа.

**Работни пакети - групи на акции/активности**

**Работен пакет 1:**
**Техничка документација за улици кои во рамки на урбанистички план**
-Докомплетирање на техничка документација за реконструкција на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од мост Единство кон клучка на излез -Докомплетирање на техничка документација за улица покрај течението на Дурачка Река и усогласување на истата со проект за регулација на Дурачка Река на потег: Дом на Култура- Маневски Мост.

**Техничка документација за:**
-Реконструкција на дел од ул. „11-ти октомври“, (после зграда на Социјално) -
Реконструкција на дел/краци од ул „Коце Металец“ (испод поранешна кланица) -
Реконструкција на делови (краци) од ул. Моша Пијаде во т.н. Спротивска Маала КП 880 и КП 877 до приклучок со обиколен пат.
Докомплетирање  на техничка документација за изградба на потпорен зид на дел од ул. Р.Минев и на дел од ул Н.Тамбурков (кај поранешен Пролетер)
Изработка на техничка документација за тротоари покрај магистрален пат на потегот од Бегови Бавчи до Клучка кај Облаче (во соработка со ЈПДП)
**Техничка документација за локални патни правци**
Изработка на техничка документација за поврзување на с.Градец со с.Осиче преку .Домазетовци........Л = 3,0 км
Изработка на техничка документација за пристапен пат и мост кон нас. Крстата Падина ........................................Л = 1.0 км
Изработка на техничка документација за локален пат во с. Конопница кон м.в.Крст во продолжеток на постоечки асфалт..Л = 3,50 км.
Изработка на техничка документација за Изградба/ре-ја на пристапен локален пат во населба Мезовски Ливади...Л = 0.5 км
Изработка на техничка документација за Реконструкција-рехабилитација на локален пат во од Лозаново кон с. Градец ......................................................................Л = 5 км -
Докомплетирање на техничка документација за доизградба и реконструкција на патен правец од спој со А2-према црква во с. Длабочица....Л = 4.00 км -

Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Дубровница, маала Србиновци ................ ................Л = 1,50км
Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Трново.....Л = 10 км Докомплетирање на техничка документација за локален пат во с. Подржикоњ...Л = 4,7 км

**<u>Работен пакет 2:</u>**
**Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални улици и патишта**

**Изградба и реконструкција на улици (во урбан дел)**

-Реконструкција и доизградба на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од Соларски Мост до мост Единство (обезбедени средства преку Светска Банка и МТВ)
-Реконструкција на дел од ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка маала (над гробишта во нас. Единство), (средства од МТВ и буџет на општина)
- Реконструкција на дел од ул.Моша Пијаде во нас.Осичка Маала)
- Реконструкција на дел од ул.„11-ти октомври“, (после зграда на Социјално)
- Реконструкција на дел/краци од ул „Коце Металец“ (испод поранешна кланица)
-Реконструкција на делови (краци) од ул. Моша Пијаде во т.н. Спротивска Маала КП 880 и КП 877 до приклучок со обиколен пат.
-Реконструкција на дел од ул.Ратко Минев

**Изградба и реконструкција на локални патни правци:**

-Изградба на локален пат Крива Паланка-Варовиште-Кошари-Бс, од км 2+010 до км 4+005, фаза 2 ...........................................................................Л = 2.00 км
-Изградба на локален пат во с.Дурачка Река кон м.в. Метоф........................ Л = 1.00 км (со средства обезбедени преку Владата на РСМ и ЈПДП)
-Реконструкција на локален пат во с. Мождивњак (А2-Дубје).........................Л = 3,00 км
-Реконструкција на локален пат с.Огут-с.Нерав ..............................................Л = 3,50 км
-Реконструкција на локален пат од Манастир кон с.Варовиште......................Л = 3,50 км (напомена: за реконструкција на овие патни правци е аплицирано во државни институции)

**Тековно одржување на локална патна мрежа и крпење на ударни дупки**

Како и минатите години и во текот на наредниот планиран програмски период ќе бидат предвидени средства од буџетот на општината за тековно одржување, обнова на коловоз и крпење на ударни дупки и замена на оштетени делови од асфалтни коловозни површини на локалната патна мрежа.

-Дел од ул Панче Пешев - Дел од ул Орце Николов

-Дел од ул. Климент Охридски (покрај Скрљавски Дол)

-Дел од ул.Никола Тесла -лев крак

-Други улици во урбаниот дел на кој ќе се појави потреба од крпење на ударни дупки и обнова на делови од коловозни површини

-Тековно одржување на локални патни правци со крпење на ударни дупки и замена на делови од оштетени коловози (според потреба и проценка на стручните служби по направен увид на лице место по завршеток на зимска сезона)

**Одржување на локални земјани патишта и заштита на косини**

Во изминатиов период после невремето и поплавите кои ја зафатија територијата на општината во месец јуни, беа оштетени скоро сите земјани патишта, посебно во североисточниот дел на општината. По прогласувањето на вонредна состојба, голем дел од локалните земјани патишта кои беа оштетени беа санирани со помош на механизација на АРМ, Македонија Пат, ЈП Комуналец како и други фирми ангажирани од страна на општината. Оваа активност ќе продолжи и во наредната година, како би се придонело за подобар и побезбеден моторен сообраќај на подрачјето на Општина Крива Паланка. За одржување на некатегоризирани маалски патишта со земјан коловоз во селските населби, општина Крива Паланка според проценките на стручните служби за состојбата на земјаните патишта, или по доставени барања од Месните Заедници или група граѓани, кои се оправдани и одобрени, ќе врши соодветно ангажирање на градежна механизација преку ЈП Комуналец или други економски оператори со кои има Договор. На дел од локалните земјани патишта ќе се изврши делумна санација, делумно пробивање, одводнување, насипување и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци со земјан коловоз со градежна механизација во зависност од обемот на врнежи и оштетување на земјаниот коловоз, а заради нивно доведување во состојба на проодност и одвивање на сообраќај, и тоа:

**Санација на свлечишта и заштита на косини на локални улици и патишта со изградба на потпорни ѕидови, поставување на габиони и заштитна мрежа и ограда**

Со оглед на рељефно-климатските и геомеханички карактеристики на земјиштето, во изминатиов период интензивирани се појави на свлечишта и одрони на делови од улици и локални патни правци на територијата на општина Крива Паланка. Тоа бара преземање на соодветни мерки за заштита на косините и трупот на патот за што се потребни значителни финансиски средства. На новопроектираните улици и патишта заштитата и стабилизација на косини е предвидена со самите проекти за патот. На постоечките патишта и локални улици се јавува исто така потреба од изградба на нови, реконструкција или санација на постоечки потпорни зидови. Овој дел е подетално разработен во програмата за уредување на градежно земјиште. После невремето и поплавите кои ја зафатија територијата на општината во месец јуни се појавија повеќесвлечишта на локални улици и патишта од кои дел беа санирани од страна на општината , а за дел се очекува да бидат санирани во текот на 2024 год. преку средства обезбедени од Владата на РСМ и ЈПДП.

**Детална временска рамка со опис на очекуваните резултати и показатели за успех (на ниво на исход и излезен резултат)**

Активностите кои се однесуваат на проектирање и подготовка на техничка документација ќе се реализираат во предвидениот програмски период со динамика која ќе зависи од финансиските средства со кои располага општината во текот на периодот. Дел од нив, како што се Изработка на техничка документација за поврзување на с.Градец со с.Осиче преку .Домазетовци со Л = 3,0 км и изработка на техничка документација за пристапен пат и мост кон нас. Крстата Падина, во должина од 1.0 км ќе се реализираат во почетокот на 2024 година и за нив се обезбедени средства од проектот „Пристап за граѓаните од руралните средини„ во вкупен износ од 1.912.000,00 денари, од кои 75% се средства на УНДП. Исто така за 2024 година се очекува и изработка на техничка документација за локален пат во с. Конопница кон м.в.Крст во продолжеток на постоечки асфалт во должина од 3,50 км. Во 2024 година се очекува да бидат докомплетирани и техничка документација за реконструкција на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од мост Единство кон клучка на излез, како и техничката документација за улица покрај течението на Дурачка Река и усогласување на истата со проект за регулација на Дурачка Река на потег: Дом на Култура- Маневски Мост.
Од работниот пакет 2 , кој се однесува на изградба , реконструкција и рехабилитација на локални улици во 2024 година како приореитет ќе се имплементираат: Реконструкција и доизградба на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од Соларски Мост до мост Единство, затоа што веќе

има обезбедени средства преку Светска Банка и Министерство за транспорт и врски, тендерската постапка е завршена и изведувачот е воведен во работа. Исто така има обезбедени кофинансирање на проектот за реконструкција на дел од ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка маала (над гробишта во нас. Единство), со средства од Министерство за транспорт и врски и оваа активност ќе се имплементира во 2024 година.
Останатите како активности ќе се распределуваат и изведуваат согласно утврдена динамика, во зависност од расположивите финансиски средства.

| Развојна потпрограма | Потпрограма за комунални дејности | Ознака на развојна потпрограма | |
|---|---|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се обезбеди целосна поврзаност на сите делови во општина Крива Паланка, вклучително и до сите рурални и селски средини | | |
| Планирани активности | Изработка на техничка документација за поврзување на с.Градец со с.Осиче преку .Домазетовци........Л = 3,0 км<br>Изработка на техничка документација за пристапен пат и мост кон нас. Крстата Падина ........................................Л = 1.0 км<br><br>Изработка на техничка документација за локален пат во с. Конопница кон м.в.Крст во продолжеток на постоечки асфалт..Л = 3,50 км.<br>Изработка на техничка документација за Изградба/ре-ја на пристапен локален пат во населба Мезовски Ливади...Л = 0.5 км<br><br>Изработка на техничка документација за Реконструкција-рехабилитација на локален пат во од Лозаново кон с. Градец .....................................................................Л = 5 км -<br>Докомплетирање на техничка документација за доизградба и реконструкција на патен правец од спој со А2-према црква во с. Длабочица....Л = 4.00 км -Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Дубровница, маала Србиновци ................ ................Л = 1,50км<br><br>Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Трново.....Л = 10 км Докомплетирање на техничка документација за локален пат во с. Подржикоњ...Л = 4,7 км<br>1. Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патни правци и улици во Општина Крива Паланка..........................................34.000.000,00<br>2. Изработка и доработка на техничка документација ...................................... | | |

| | |
|---|---|
| | 3.000.000,00<br>3. Делумна санација, делумно пробивање, одводнување, насипување и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци (претежно со земјан коловоз) 3.500.000,00 4. Тековно одржување на изградената патна мрежа и елементи на патот, поставување на на пропусти,заштита на косини и крпење на ударни дупки...................................... 2.000.000,00<br>5. Санација на одрони и свлечишта.......................................................................2.000.000,00<br>6. Набавка и поставување на еластична одбојна ограда.....................................2.000.000,00<br>7.Експропријација.........................................................................................1..00 0.000,00<br><br>Тековно одржување на локална патна мрежа и крпење на ударни дупки<br><br>Одржување на локални земјани патишта и заштита на косини<br><br>Санација на свлечишта и заштита на косини на локални улици и патишта со изградба на потпорни ѕидови, поставување на габиони и заштитна мрежа и ограда |
| Очекувани резултати / ефекти | Изградена локална патна инфраструктура, уредено градежно земјиште, редовно одржување на локални земјени патишта, како и заштита од свлечишта и косини на локални улици |
| Ризик и претпоставки | За имплементација на врвните приоритети за 2024 година, од кои најзначаен е реконструкција на главната улица, средствата веќе се обезбедени, а основна претпоставка е изборот на квалитетен изведувач кој ќе ја изведува работата и соработката со надзорот и вработените во Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура. За останатите активности основна претпоставка е доволно финансиски средства во буџетот на општината кои ќе доведат до навремена имплементација на предвидените активности, но и воспоставена добра соработка со проектантите или изведувачите доколку се работи за градежни работи. |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Јануари 2024 |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2027 |
| Вкупна вредност | **196.053.000,00** |
| Име на студија | Локална патна инфраструктура/комунални дејности |

| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Индикатори | 47.500.000 | 47.553.000 | 50.000.000 | 51.000.000 |
| Статус на реализација на проектот | Изготвена проектна документација | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Средства од буџет на Општина Крива Паланка , како и од Биро за регионален развој; Средства од ЈП за патишта на РМ за одржување на локална патна мрежа | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Програмата за Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка е родово сензитивна програма, бидејќи се однесува на активности кои се подеднакво значајни и за мажити е за жените, бидејќи улиците ги користи целата локална заедница без исклучок. При имплементација на градежните активности, односно при проектирање на истите се води сметка за потребите на лицата со попреченост, односно потреба од пристап, косини, рампи и слично, за непречено движење на оваа категорија на лица. | | | |

## 8.4 КУЛТУРА

**Визија:** Општина Крива Паланка – стабилен партнер со граѓанскиот сектор и воспоставена квалитетна соработка во сите оптествени сфери

**- Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации**

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за предвидениот програмски период е продолжение на успешната приказна од претходните години, по која Крива Паланка стана препознатлива во пошироки рамки како општина со богата и добро организирана културна програма, привлечна за пошироиот регион. Во програмата се земени во предвид сите настани кои беа одлично прифатени и предизвикаа сериозен интерес кај локалната заедница, програми и настани кои беа интересни за љубителите од пошироиот регион, како и содржини за кои изготвувачите на програмата сметаа дека треба да бидат дел од културната програма на градот за предвидениот програмски период. Со имплементација на предвидените програмски содржини интенција е да се збогати културниот живот на локаланта заедница, да се привлечат посетители од пошироиот регион, но и да се поттикнат локалните млади за активно вклучување во креирањето на локалната политика за развој на културата и поттикнување на нивната креативност и креативна работа.

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните и граѓанките од областа на културата и уметноста;
- Сочувување и афирмирање на духовното културно наследство на Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Крива Паланка и Кривопаланечкиот регион;
- Создавање услови за развој, афирмација и популаризација на културата и уметноста;
- Воведување нови форми и содржини на културно творење и изразување;
- Мотивирање за активно учество на локалните културни установи, организации и поединци и поединки во реализирање на Програмата.
- Промовирање родова еднаквост и демократски вредности преку културни настани и активности.

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Реализирање на манифестации, настани, програми и проекти кои и дават посебно обележје на Општина Крива Паланка;

-Поддршка на локалните културни установи, организации и поединци и поединки во реализирање на Програмата;

-Гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Крива Паланка земајќи предвид да има еднаква или близу еднаква родова застапеност;

-Унапредување на меѓународна културна соработка со збратимени градови на Општина Крива Паланка врз реципрочна основа;

-Остварување на продуктивна соработка со домашни и меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници; граѓанскиот сектор при имплементација на нивните проектни и програмски активности.

**Потпрограма 1 - Празници, манифестации, настани кои ги организира или поддржува општината**

| Развојна потпрограма | Потпрограма за култура (празници и манифестации) | Ознака на развојна потпрограма | |
|---|---|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница преку збогатување на културниот живот | | |

| | |
|---|---|
| | |
| Планирани активности | Работниот пакет 1 предвидува активности кои се оденсуваат на чествување на значајни датуми, настани и празници, а се од интерес на локалната заедница. Во рамки на овој работен пакет се предвидени следните актвности:<br><br>- **чествување на Бадник –** традиционална прослава со бадникова поворка, избор на кум, општонародна веселба<br>**- чествување на Божиќ –** организација на свечен концерт со камерен оркестар по повод празникот<br>**- прославување на Водици и организација на Пивтијада** – традиционален настан кој секоја година се одржува по повод празникот<br>- **Ден на шегата – априлијада** – традиционален настан за најмладите<br>- **Ден на Ромите** – свечена програма по повод денот<br>- **Чествување на Свети Јоаким Крчовски –** патрон празник на ООУ Свети Јоаким Крчовски<br>- **Фестивал на храна**<br>- **одбележување на Св Кирил и Методиј** – свечена академија, доделување награди за најдобар ученик и просветен работник / пригодна забавна програма<br>- **традиционална трилатерална средба КРАИШТЕ**<br>**- одбележување на Илинден**<br>**- одбележување на Свети Јоаким Осоговски**<br>**- одбележување на 8ми септември**<br>**- одбележување на 8ми октомври**<br>**- Шопска софра итн.** |
| Очекувани резултати / ефекти | Оваа потпрограмата предвидена за реализација во наредниот период во 204-26 година. По основ на настаните, показател на успех е бројот на посетители, зголемување на активностие по предлог на граѓаните и слично. Показател на успех е и зголемениот интерес на љубители на културата надвор од граот и бројот на посети од нив. Секако, најголем показател на успех е задоволството кај локалната заедница и подобрувањето на квалитет на нејзиното живеење..<br>Показател на успех с е и;<br>- новиот број на дечиња и млади заинтересирани за културни активности и запишани како членови во различни училишни и вонучилишни секции по ликовоно, драма, литература и слично<br>- зголемен број на трудови и дела од културата кај локланите дејци |
| Ризик и претпоставки | / |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Јануари 2024 |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2026 |
| Вкупна вредност | **196.053.000,00** |
| Име на студија | Културни манифестации и настани |

| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
|---|---|---|---|---|
| Индикатори | 47.500.000 | 47.553.000 | 50.000.000 | 51.000.000 |
| Статус на реализација на проектот | Во моментот веќе постојат востановени процеси за предвидените активности, изготвени правилници и имплементирани процеси и најголем дел од активностите и работните пакети се тековни и постоечки | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Средства од буџет на Општина Крива Паланка, како и Министерство за култура на Република Северна Македонија; -Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица; -Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство; -Други извори | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Програмата сама по себе е родово одговорна, бидејќи е наменета за двата пола подеднакво. Конкурсите за финансиска поддршка подеднакво поддржуваат културни уметници од двата пола. На кулутното лето и на фестивалите задолжително се води ред за подеднаква застапеност н двата пола во сите програмски активности – од организатор, коорганизатор, учесници | | | |

## Потпрограма 2 – Развој на културна инфраструктура

| Развојна потпрограма | Потпрограма за развој на културна инфраструктура | Ознака на развојна потпрограма | |
|---|---|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Поддршка во процесот на обезбедување на културна инфраструктура за постојана реализација на културни настани | | |
| Планирани активности | **<u>Работен пакет 1:</u>**<br>**Обезбедување на простор и опрема за културен натпревар**<br>Работниот пакет 1 предвидува активности кои се оденсуваат на подготовка на спецификација и техничка документација и имплементација на проекти за подобрување на постоечката културна инфраструктура Во рамки на овој работен пакет се предвидени следните активности:<br>-**реконструкција на објектот на НУ Центар за култура–** оваа активност подразбира реконструкција на објетот согласно изработен технички проект во функционална целина за целите на и потребите на имплементација на културни настани<br>**- набавка на опрема за озвучување, осветлување и поставување на сцена –** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ова вклучува набавка на бина/сцена, рампи за опрема и елементи за осветлување и озвучување<br>**- набавка на транспортно возило –** ова активност предвидува набавка на транспортно возило – комби или пикап за потребите на превоз на опремата до и од местата на одржување на настаните. | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | За 2024 година ќе биде изготвена комплетна техничка документација за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура, по што ќе бидат мобилизирани сите ресурси за изнаоѓање на финансиски средства за реализација на овој проект. Во програмскиот период што следи ќе се работи и на целосно техничко опремување за потребите на културните настани, изнаоѓање на повеќе простор за културни активности, ќе се зголеми поддршката за издаваштвото, за локланите креативни културни дејци, но и за формирање и функционирање на повеќе детски и ученички секции од областа на културата.<br>Показател на успех с е и;<br>- новиот број на дечиња и млади заинтересирани за културни активности и запишани како членови во различни училишни и вонучилишни секции по ликовоно, драма, литература и слично<br>- зголемен број на трудови и дела од културата кај локланите дејци<br>- зголемен број на простори/локации за културни збиднувања<br>- техничка опременост на сите културни субјекти | | | |
| Ризик и претпоставки | / | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Јануари 2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2027 | | | |
| Вкупна вредност | **95.000.000,00** | | | |
| Име на студија | Изградба и одржување на културна инфраструктура | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 30.000.000 | 20.000.000 | 20.000.000 | 25.000.000 |
| Статус на реализација на проектот | Во моментот се спрема техничката документација за реконструкција на објектот на НУ Центар за култура; -Востановени ќе традиционални настани кои секоја година се одджуваат на одредени уредени локации за таа намена<br>- набавена дел од опремата (мини бина, озвучување, осветлување) со намена за настаните<br>-Воспоставени партнерства со локлани институции и граѓански организации за организирање и реализација на настаните и фестивалите | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Средства од буџет на Општина Крива Паланка, како и Министерство за култура на Република Северна Македонија; -Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица; -Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство; -Други извори | | | |
| Родова респонсивност | Програмата сама по себе е родово одговорна, бидејќи е наменета за двата пола подеднакво. Конкурсите за финансиска поддршка подеднакво поддржуваат | | | |

| | |
|---|---|
| (краток опис) | културни уметници од двата пола. На кулутното лето и на фестивалите задолжително се води ред за подеднаква застапеност н двата пола во сите програмски активности – од организатор, коорганизатор, учесници |

## 8.5 СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Оваа програма ги уредува подрачјата на социјалната, детската и здраствената заштита со цел подобрување на квалитетот на живот и овозможување на независен и самостоен живот на граѓаните од социјален ризик во општина Крива Паланка. Оваа прпрограма дополнително ги идентифукува потреби на населението на општина Крива Паланка во три области и дава преглед на мерките и активностите за надминување на истите.

Програмата за социјалната, детската и здраствената заштита на Општина Крива Паланка дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната, детската и здравствената заштита на граѓаните, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните. Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата дирекно придонесува кон имплементација на обврските кои произлегуваат од меѓународните ратификувани документи, националните и локалните документи во овие области. Оваа програма е составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за заштита, и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата на улица, ромите, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид, кој што може да има последици врз нивната благосостојба, земајќи ја во предвид и возрасната и родвата димензија кај секоја од овие групи.

Програмата за социјалната, детската и здраствената заштита на Општина Крива Паланка произлегува и од страна на Советот за социјална заштита кој е регулиран со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот, кој што ја пропишува обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и локалната самоуправа. Основните насоки за развој на социјалната заштита, детската и здраствената заштита се Законот за локална самоуправа, Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за семејство, Закон за еднакви можности на жените и мажите, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Уставот на РСМ каде се потенцира дека РСМ е социјална држава, Националната програма за развој на социјалната заштита, Стратегијата за деинституционализација, Конвенцијата на правата лицата попреченост, Конвенцијата за правата на деца, Меѓународните универзални декларации за човекови права, Конвенцијата за елиминирање на дискриминацијата, Националанта стратегија за семејно насилство, Страегија за домување, Социјален план на Општина Крива Паланка 2021-2024 година, Одлуките донесени од страна на Советот на Општина Крива Паланка и други подзаконски акти со кои се регулира социјалната заштита.

За реализирање на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита Општина Крива Паланка, ЕЛС предвидува соработка со различни чинители на национално, регионално, локално и меѓународно ниво. Соработката помеѓу Општина Крива Паланка и ОО Црвен Крст-Крива Паланка е следниот начин: Општина Крива Паланка аплицираше во Министерството за труд и социјална политика доби грант за воспоставување на услугата, опремување на просторија во просториите на ОО-Црвен Крст Крива Паланка, набавка на моторно теренско возило и сертифицирани 20 негователи за нега и грижа на стари лица и испорака на услугата за стари лица во домашни услови.Сега услугата е проширана за плус 20 негователи и ќе бидат опфатени поголем број на корисници. Провајдер на услугата е ОО Цевен Крст Крива Паланка, финансиите се од МТСП, Општина Крива Паланка е надзор и контрола на сите активности и учество со сопствени средства за набавка на апарати и реквизити за потребите на негователите и корисниците. Општина Крива Паланка доби модерен дневен центар што ќе

одговори на потребите на граѓаните од највозрасната категорија и нивно активно стареење во просториите на ОО Црвен Крст Крива Паланка каде давањето на услугата ќе биде од страна на ОО Црвен Крст Крива Паланка бидејќи се лиценцирани даватели на услугата, а додека пак општината ќе има надзор и контрола на сите активности и ќе учествува со сопствени средства за реализација на активности.

**ГЛАВНА ЦЕЛ**

Главна цел на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита се: Оваа програма има за цел унапредување на животниот стандард на населението од социјален ризик во општина Крива Паланка. Со оглед на идентификуваните подрачја на делувања согласно член 141 од ЗСЗ, оваа програма има поставено четири специфични цели:

Цел 1: Унапредување на социјалната заштита и сигурност на населението од социјален ризик во општина Крива Паланка
Цел 2: Обезбедување превенција и заштита на децата од социјален ризик во општина Крива Паланка
Цел 3: Обезбедување пристапна и достапна здравствена заштита на населението од социјален ризик во општина Крива Паланка
Цел 4: Остварување и унапредување на човекови права. Согласно поставените цели се идентификувани потцели и серија на активности кои треба да водат кон остварување на поставените цели.

Активностите во Општина Крива Паланка ќе се реализираат во три области:
СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА;
ДЕТСКА ЗАШТИТА;
ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА.

ЦЕЛНИ ГРУПИ СПОРЕД ОБЛАСТИ

1.СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

-Лица кои се социјално загрозени,бездомни лица; -Лица кои се приматели на одредена помош од ЈУ МЦРС кои се неспособни за работа или им е одземнена работната способност; -Стари и изнемоштени лица без семејна грижа; -самохрани родители и родителки; -лица со интелектуална, телесна попреченост и друг вид на попреченост; -лица жртви на семејно насилство; -Лица со интелектуална попреченост кои се штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост; -Превентивни активности за невработени лица кои се на листата на невработени во Центарот за вработување во Крива Паланка; -Лица корисници на права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица, -згрижувачки семејства, -стари лица со активно стареење, -Семејствата на загинатите Бранители од 2001, -корисници/штитеници во Дом за стари лица.

2. ДЕТСКА ЗАШТИТА

-Деца со воспитно социјални проблеми; -Деца без родители/ки и родителска грижа; -Деца на улица; -Деца на самохрани родители/ки; -Деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства -Деца со интелектулана и телесна попреченост -Деца со одредена попреченост интегрирани во редовниот процес на образование; -Деца вклучени во воспитно предучилишното образование; -Деца со попреченост во предучилишно образование. - Новороденчиња.

3.ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА

-Возрасна категорија на граѓани над 62 и 64 години; -Деца на самохрани родители/ки; -Деца на семејства кои се социјално загрозени; -Деца кои ја посетуваат предучилишната воспитно-образовна установа; -Ученици/ученички во основното и средното образованаие;

*Област Социјална заштита

Приоритетна цел 1 -Помош и превенција на лица кои се социјално загрозени/ранлива категорија, лица кои претрпеле елементарна непогода, стари и изнемоштени лица, лица со попречености, невработени лица кои тешко се вклучуваат на пазартот на трудот и семејства на бранители од 2001 година преку разлчни превентивни активности за превенција на појава на социјални проблеми, организирање на едукативни превентивни работилници и други активности за превенција за заштита од социјални ризици и спречување на појава на социјални проблеми .

АКТИВНОСТИ

Активности во програмата за социјална, детска и здраствена заштита во Општина Крива Паланка се поделени во областите во кој ќе се делува, а ќе бидат обезбедени одредени права, правно парични надоместоци и права предвидени со оваа програма.

Активности во социјалната заштита:
1.Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица.
2.Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост. 3.Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица.
4. Аплицирање и имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика, Агенција за вработување и УНДП за Општинскокорисна работа 2024/25 година.(Ангажирање на невработени лица преку Програмата на Општинско корисна работа.)
5. Обезбедување на средства за пристапност на лица со попречености кое им е отежнато движењето за пристап.
6.Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост(пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице)
7.Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.
8.Обука на граѓани и граѓанки за лични/персонални асистенти преку сертифицирана организација
9. Ваучер за купување гардероба на лица корисници на услугата Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост и лица згрижени во згрижувачки семејства.
10.Дневниот центар за стари лица со активно стареење.(организирање на превентивни едукативни работилници)
11. Ослободување на семејствата на загинатите Бранители од 2001, од давачки спрема ЈП Комуналец.
12. Дом за стари лица.

*Област Детска Заштита

Приоритна цел 2 Помош за новородено дете, првенција за деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители.

2. Активности во областа на детската заштита

1.Едократна парична помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства заради превенција од појава на социјални проблеми.
2. Инклузија на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка преку ослободување на партиципација.
3. Еднократна парична помош на секое новороденче,запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка.
4.Субвенционирање на престој на деца на самохрани родители со плата и други месечни приходи во износ на минимална плата во ОЈУДГ „Детелинка“.
5. Доделување на новогодишни пакетчиња за деца

*Област на здраствена заштита

Приоритет 3 Остварување на социјална заштита на лица кои боледуваат од ретки и специфични болести, стари лица, лица во лоша здраствена и економска состојба и лица кои употребуваат психотропни супстанци и жртви на семејно насилство.

3.Активности во областа на здраствена заштита

1.Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување.
2.Аплицирање на проект за формирање, екипирање и опремување на Сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, Даунов синдром..).

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Оперативна родово-сензитивна буџетска програма за социјална, детска и здравствена заштита | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Програма за социјална, детска и здравствена заштита | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Еднократна парична помош за физички лица во социјален ризик и/или болести<br>Помош за новородено дете, деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители<br>Остварување на социјална заштита на лица кои боледуваат од ретки и специфични болести, стари лица, лица во лоша здраствена и економска состојба и лица кои употребуваат психотропни супстанци и жртви на семејно насилство | | |
| Планирани активности | Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката; Одбележување на Интернационалниот ден на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | лицата со попреченост на лицата штитеници: - Еднодневна екскурзија на лицата корисници на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост - Јавен повик за доделување на еднократна финасиска подршка во висина од 3000 МКД за секое лице со попреченост евидентирано во ЈУ МЦСР Крива Паланка; Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лицаЦрвен Крст-Крива Паланка (Набавка на потребни апарати, реквизити за потребите на негователите и корисниците); Аплицирање и имплементација на проекти на Министерствотот за труд и социјална политика, Агенција за вработување, и УНДП за Општинско корисна работа. Кофинансирање од страна на општината од 20%; Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост (пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице). По основ на Барање од страна на лицето или родителот, старателот итн.; Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица; Обезбедување на обука на невработени лица за лична/персонална асистенција (Црвен Крст-Крива Паланка); Ваучер за купување гардероба на лица корисници на услугата Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост и лица згрижени во згрижувачки семејства, евидентирани во ЈУ МЦСР по основ на доставено барање од страна на семејството; Дневниот центар за стари лица со активно стареење (Обезбедување на работилници за потребите на веќе постоечкиот центарЦрвен Крст Крива Паланка); Ослободување на семејствата на загинатите Бранители од 2001, од давачки спрема ЈП Комуналец; Изградба на Дом за стари лица | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Помош на корисниците со активно стареење на центарот за Дневен Престој; - Изграден дом за стари лица; Семејства ослободени од давачки кон ЈП Комуналец; Зголемување на бројот на персонални асистенти и подобрен живот на лицата со попречености; Подобрување на условите за живот на штитетниците во згрижувачките семејства; Подобрување на условите за живот на лицата кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот; Оспособување на старите лица за самостоен и подобар живот -Број на корисници кои добиле социјална услугагрижа и нега во домот; Покрената свест за живеење живот со попреченост и интеграција на лицата со попреченост во секојдневниот живот | | | |
| Ризик и претпоставки | Недоволно интерес, недоволна финансиска конструкција, доцнење со реализација, доцнење на спроведувањето на тендерите за јавни набавки итн. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Јануари 2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2027 | | | |
| Вкупна вредност | 18.260.000 | | | |
| Име на студија | Родово-сензитивна програма за образование | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 4.510.000 | 4.550.000 | 4.550.000 | 4.650.000 |

| | |
|---|---|
| Статус на реализација на проектот | Тековно |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Крива Планка, донатори, УНДП, Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| Родова респонсивност (краток опис) | Самата програма е изработена со родово-сензитивен јазик и ги опфаќа подеднакво потребите и на двата пола во секоја од областите кои што ги покрива програмата, а во индикаторите е предвидено и собирање на родово-разделени податоци |

## 8.6 ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

**ВИЗИЈА:**

Крива Паланка – привлечна туристичка дестинација, со богата понуда за туристите, развиена локална економија и квалитетен живот на локалната заедница.

**- Програма за локален економски развој**

Основна цел на програмата за локален економски развој е подобрување на квалитетот на живеење на локална заедница и зголемување на приходот на локална економија

Развојни приоритети:

1) Промовирање и привлекување на нови инвестиции;
2) Поддршка за мали и средни претпријатија;
3) Промоција на енергетската ефикасност како можност за остварување заштеди, но и можност за развој на допоолнителни економски гранки
4) Развој на туризмот;
*5) Понатамошно унапредување на регионалната и меѓународната соработка како можност за економско вмрежување и креирање на нови партнерства;*

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски раст, кој придонесува кон подобрување на квалитетот на животот за сите граѓани во заедницата. Основна задача на оваа програма ќе биде креирање на локална политика преку мерки и активности за помош во процесот на заздравување на локалната економија согласно законските норми и можности. Програмата за локален економски развој е логичко следство на програмата од претходната со унапредување на веќе успешно имплементираните мерки и политики, но и предлагање на нови кои ќе имаат соодветно влијание врз локалната економија и ќе предизвикаат интерес од локаланата бизнис заедница за заедничка имплементација на мерки за подобрување на квалитетот на живот на локалната заедница. Одржливоста базирана на локалните ресурси, зелената агенда и креирање на услови за развој циркуларна економија се основните предизвици со кои ќе се соочиме во 2024 година, како креатори на локалните политики за развој. Новина во програмата е

проширувањето со енергетската ефикасност, како мерка за намалување на трошоците за електрична енергија, односно рационално користење на енергијата.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработени проценки и анализи на задницата, стратегиите и плановите за развој на општината во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности.

Програмата за локален економски развој се подготвува брз основа на претходно донесените стратегии и посочените приоритети на граѓаните во процесот на подготовката на програмата, а се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Крива Паланка.

Реализацијата на оваа програма треба да поттикне и обезбеди континуирано одржлив развој кој треба да го подобри животниот стандард на жителите на Крива Паланка.

Локалната економија во општина Крива Паланка во 2023 година е составена од вкупно 555 деловни субјекти од кои микро 400 ( 72 %), мали, 154 ( 27,7%) и средни 1 ( 0,2%) претпријатие.

Од извршената анализа може да се заклучи кои сектори доминираат во структурата на локалната економија, кои дејности спаѓаат во т.н. основни дејности поврзани со нормалното функционирање на една локална заедница, но и може да се констатира кои дејности недостасуваат или не доволно се застапени за интензивирање на економскиот развој во рамки на локалната заедница.

Со цел обезбедување на стабилност на локалните бизниси од т.н. основни дејности, но и создавање на услови за интензивирање на локалниот економски развој искористувајќи ги локалните ресурси и предности преку нови инвестиции, како и намалување на негативните влијанија на националните, регионални и глобални економски текови како миграции и недостиг на работна сила, недостиг на квалификувана работна сила, недостиг на финансии, предизвици со дистрибуција на храна, квалитет на испораки на услуги, сигурност за нови инвестиции и слично, Општина Крива Паланка со оваа програма предлага мерки и активности кои ќе бидат реализирани во 2024 година кои ќе резултираат со унапредени услови за одржлив економски развој на локалната заедница.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработени проценки и анализи на задницата, стратегиите и плановите за развој на општината во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности.

Реализацијата на оваа програма треба да поттикне и обезбеди континуирано одржлив развој кој треба да го подобри животниот стандард на жителите на Крива Паланка.

Одделението за локален економски развој покрај предлагање и спроведување на мерки за поддршка на процесот на обезбедување на одржлив економски развој , во својата програма предвидува и широка лепеза на активности за креирање на партнерства со сите сектори, воспоставување на цврста регионална, прекугранична и транснационална соработка, имплементација на меѓународни проекти кои се започнати или се во фаза на одобрување, но и на подготовка на нови, согласно достапниот буџет и фондови во развојниот период.

Потпрограми:

**Потпрограма - Подршка на развојот на МСП и претприемништво и поддршка на процесот на промовирање и привлекување на нови инвестиции**

Цел на потпрограмата

*Основна цел на програмата е поддршка и давање придонес кон подобрување на состојбата на локалните претпријатија и зголемување на приходот на локалната економија.*

Основен двигател на развојот на локалната економија се малите и средните претпријатија, особено микро-претпријатијата и семејните бизниси. За да се спречи нивна ерозија од постојаниот проблем со работната сила и доволно финансиски средства за опстанок, потребни се мерки кои ќе обезбедат соодветни мерки и позитивна стимулативна развојна политика заради проширување на нивниот пазар и зголемување на нивната конкурентност. Освен постојаното усогласување со националната развојна политика за малите и средни претпријатија и презентација и помош на локалните бизнис субјекти во однос на мерките и проектите што ги спроведуваат националните институции, општина Крива Паланка предлага и директни мерки со кои ќе го поддржи процесот на развој на локалните претпријатија.

Клучни мерки, активности и проекти на потпрограмата се:

**1.1 Активности и мерки за зголемување на влијанието и улогата на Локалниот Економски Совет во процесот на креирање на локални политики за подобрување на локалната бизнис клима и услугата на администрацијата на локалната самоуправа**

1.1.1 Постојана комуникација на лицето од одделението за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија и повремени работни состаноци на постојаното работно тело Локален економски совет при општина Крива Паланка и анализа на трендовските потреби на компаниите;

1.1.2 Поттикнување на општествената одговорност, заштита на животната средина и подобрување на условите за работа во локалните компании преку воведување на награда за најдобра-општествено одговорна компанија во градот (Комисија составена од членовите на ЛЕС и ЕЛС);

*1*.1.3. Креирање на Стратегија за МСП;

**1.2. Поддршка на процесот на промовирање и привлекување на нови инвестиции**

1.2.1 Креирање на база на потенцијали и локации за развој на бизнис и отварање на нови компании согласно постоечкиот ГУП;

1.2.2. Изготвување на промотивен материјал за промоција на можностите за инвестирање

**1.3.Помош и поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и динамичен развој**

1.3.1 Подготовка на постапка и изготвување на елаборат за превземање на мерки за поддршка на локалните мали и средни претпријатија и подготовка на предлог мерки за субвенционирање на овие субјекти по различни основи;

1.3.2.Спроведување на анкета за потребите на локалниот бизнис сектор од локална инфраструктура;

1.3.3. Транспарентност во комуникацијата и постојано информирање на локалните МСП за постоечките национални и други фондови и извори на помош и финансирање за развој на компаниите;

1.3.4. Активности кои подржуваат креирање на партнерства и договори за заеднички вложувања од интерес на двете страни;

1.3.5. Промоција и поддршка за развој на циркуларна економија кај локалните фирми;

1.3.6. Публикација на годишен информатор за пристап до капитал.

**Програма за локален економски развој**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Локален економски развој | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Програма за локален економски развој | Ознака на развојна | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | потпрограма | |

| | |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основна цел на програмата за локален економски развој е подобрување на квалитетот на живеење на локална заедница и зголемување на приходот на локална економија |
| Планирани активности | **<u>Работен пакет 1:</u>**<br>**Активности и мерки за зголемување на влијанието и улогата на Локалниот Економски Совет во процесот на креирање на локални политики за подобрување на локалната бизнис клима и услугата на администрацијата на локалната самоуправа**<br><br>Во рамки на овој работен пакет се предвидени следните актвности:<br><br>- Постојана комуникација на лицето од одделението за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија и повремени работни состаноци на постојаното работно тело Локален економски совет при општина Крива Паланка и анализа на трендовските потреби на компаниите;<br>- Поттикнување на општествената одговорност, заштита на животната средина и подобрување на условите за работа во локалните компании преку воведување на награда за најдобра-општествено одговорна компанија во градот (Комисија составена од членовите на леокалниот економски совет и од општината);<br>- Креирање на Стратегија за МСП, низ процес на работилници со директно учество на членовите на локалниот економски совет и бизнис секторот од градот и останати релевантни чинители од локалната заедница<br>**<u>Работен пакет 2:</u>**<br>**Поддршка на процесот на промовирање и привлекување на нови инвестиции**<br>-Креирање на база на потенцијали и локации за развој на бизнис и отварање на нови компании согласно постоечкиот ГУП;<br>-Изготвување на промотивен материјал за промоција на можностите за инвестирање |
| Очекувани резултати / ефекти | Создадени услови за промовирање и привлекување на нови инвестиции; Креирана Стратегија за МСП и реализирани мерки од истата; Активен локален економски совет |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ризик и претпоставки | Ненавремена реализација на предвидените активности, недоволна финансиска конструкција, доцнење со реализација итн. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Јануари 2024 | | | |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2027 | | | |
| Вкупна вредност | 18.260.000 | | | |
| Име на студија | Програма за локален економски развој | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 840.000 | 800.000 | 850.000 | 870.000 |
| Статус на реализација на проектот | а) на ниво на проектна идеја, без дополнително разработување на активностите и/или документите за имплементација на проектот<br>б) делумно развиен, но потребна е дополнителна документација<br>в) скоро целосно развиен и подготвен за имплементација | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Крива Планка | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Програмата ќе опфати мерки и активности кои што ќе ги мотивираат и стимулираат жените и девојките да основаат сопствени бизниси и да се само-вработуваат | | | |

## 8.7 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

**ВИЗИЈА:**

Крива Паланка – град пријател на спортот со развиена спортска инфраструктура и поволна средина за спорт и рекреација на локалната заедница

**- Програма за спорт**

Основна цел на програмата за спорт е давање придонес кон развој на спортот и креирање на здрави спортски навики на локалната заедница, уште од најрана возраст.

Развојни приоритети:

1) зголемен број на спортски клубови кои имаат учество и резултати на национално и меѓународно ниво;

2) зголемен број на деца и млади/нки кои активно се занимаваат со спорт;

3) развиена спортска инфраструктура во сите делови на градот, вклучително и руралните средини и селата;

4) обезбедени услови за еднаков пристап до сите спортски објекти и инклузија на лицата со попреченост во разни спортски игри и натпревари

Спортот и здравите навики се клучни за правилен развој на младите генерации. Водена од ова начело општината во последните години дава големо значење и фокус на правилен развој на младите луѓе и создавање на услови за креирање и одржување на креирање на здрави генерации. Програмата е изработена во согласност со Зоканот за локална самоуправа, Законот за младинско учество и младински политики, а имплементирани се и одредби и од Законот за еднакви можности на мажите и жените и во неа се утврдуваат и целите на политиката на Општина Крива Паланка во делот на спортот, особено младите и креирање на здрави генерации. Програмата за активности во областа на спортот во Општина Крива Паланка за 2024-26 година дава можност на локалните спортски клубови да предлагаат сопствени програмски активности преку јавен повик и да добијат финансиска подршка од Буџетот на општината. Изборот на програмските активности ќе го вршат комисии формирани со акт на Градоначалникот на Општина Крива Паланка врз основа на критериуми и правилници, донесени од Советот на Општина Крива Паланка, кој ќе ја утврдува и и висината на доделените средства

Дополнително, преку оваа програма се обезбедуваат стипендии за ученици-талентирани спортисти од основните и средното училиште во градот преку јавен повик за доделување на буџетски средства за стипендирање на талентирани ученици – спортисти. Воедно програмата сака да поттикне зголемена и зајакната улога на спортските работници и наставниците по физичко образование и воспитание преку давање на средства и активности на општинскиот сојуз на училишни спортови

Во Програмата за 2024-26 година како новина се предвидува и вклучување на лицата со попреченост, за кои општината предвидува набавка на спортска опрема и спортски реквизити и помагала за спорт, со единствена цел овозможување на еднаков пристап за сите граѓани.

Активностите во областа на спортот Општина Крива Паланка ќе бидат фокусирани на поттикнување и поддршка во процесот на остварувањето на целите на оваа Програма, а тие се воглавном:

- Доделување на стипендии за талентирани ученици/чки – спортисти/ки од основните и средното училште во општината ,
- Финансиска поддршка на програмски активности на спортски здруженија и спортски клубови со седиште во Општина Крива Паланка,
- Организирање на спортски настани манифестации од интерес на општината и на локалната заедница, со фокус на младите луѓе,
- Поддршка на развојот на училишните спортови во градот и мотивирање на стручниот кадар и наставниците/професорите за понатамошен развој и унапредување на спортот
- Обезбедување на расположивост и поволни услови за користење на сите објекти за спорт и рекреација во надлежност на општината,

Во 2024-26 година општината ќе продолжи со изнаоѓање на модел и нови мерки за финансирање на спортските клубови и спортските работници и работнички преку доработка и официјализирање на методологија за поддршка на локални спортски клубови, односно институциска поддршка и формирање на Фонд за спорт кој ќе се финансира со средства од локалните и други бизнис субјекти од нивната општествена одговорност и издвојување на

средства од општинскиот буџет на Крива Паланка преку т.н. метод „денар за спорт“. Овие средства ќе бидат директно вбризгувани до постоечките спортски клубови со посебен Правилник и акт за категоризација,со цел помагање и нивно понатамошно унапредување и развој.

Во програмата за развој на спортот за 2024-26 година, активностите во главном се поделени на:

Потпрограми:

**Потпрограма 1 - Активности од областа на спортот и физичката култура кои Општина Крива Паланка ќе ги организира, реализира и ќе обезбеди директна поддршка со средства од сопствениот буџет**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Спорт и рекреација | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Програма за спорт и физичка култура | Ознака на развојна потпрограма | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Основна цел на програмата е поддршка и промоција на спорт и рекреација со еднаков пристап за сите граѓани и граѓанки | | |
| Планирани активности | **Работен пакет 1:**<br>Активности од областа на спортот и физичката култура кои Општина Крива Паланка ќе ги организира, реализира и ќе обезбеди директна поддршка со средства од сопствениот буџет<br><br>Работниот пакет 1 предвидува активности со кои ќе се даде поголема улога на бизнис секторот преку формираниот ЛЕС за креирање на позитивни локални политики. Во рамки на овој работен пакет се предвидени следните актвности:<br><br>- **Стипендирање на талентирани спортисти и спортистки кои се ученици/чки во основно и средно образование**<br>(во рамки на оваа активност е предвидено распишување на јавен повик и врз основа на примените апликации, комисијата формирана од страна градоначаникот донесува одлука за наградените ученици кои ги исполнуваат условите и критериумите за учество и награда. Стипендиите се обезбедуваат сосредствата од буџетот на општината и се на годишно ниво за секој ученик што добил стипендија) | | |

| | |
|---|---|
| | **- организирање на турнир во мал фудбал**<br>(во рамки на оваа активност се организира меѓународен турнир во мал фудбал, за кој организациски е одговорна општината, која обезбедува награди за првопласираните екипи и целосна логистика на настанот. Настанот е традиционален)<br><br>- **Финансиска поддршка на организирање на турнир во мал фудбал во чест на загинатите бранители во 2001г.**<br>(во рамки на оваа активност се организира турнир во мал фудбал со учество на припадници на службите во МВР, а во чест на загинатите бранители. Турнирот го организира Здружение на семејствата на загинатите бранители)<br><br>**- организирање на настан ФУДБАЛ за СИТЕ**<br>(во рамки на оваа активност се организира забавен настан за дечиња од 6-11 години, со цел да се поттикне љубовта на најмладите кон спортот) |
| Очекувани резултати / ефекти | Програмата предвидена за реализација во наредниот период во најголем процент се реализира по востановен времеснки распоред и постапка. Стипендиите за талентирани спортисти се доделува по основ на конкурс, а индикатор е бројот на доделени стипендии. Показател на успех е зголемување на број на ученици кои конкурирале за стипендија и ги исполниле условите на конкурсот. Во активностите што предвидуваат организирање на турнир во мал фудбал, индикатор, а воедно и показател на успех е бројот на екипи-учесници на турнирот, посетеноста на натпреварите и интересот на локалната заедница.<br>За настанот фудбал за сите, индикатор бројот на дечиња кои учествуваат, а показател на успех е и бројот на нови игри за децата имплементирани на настанот.<br>Показател на успех се и:<br>- новиот број на дечиња и млади заинтересирани за спорт и запишани како членови на локалните спортски клубови;<br>-зголемен број на апликации за стипендии за ученици-спортисти кои ги исполнуваат условите |
| Ризик и претпоставки | Еден од ризиците кои можат да влијаат на остварување на програмата е незаинтересираноста на учениците(ките) за спортски активности и учество на овие манифестации. Овој потенцијален ризик општината планира да го надмине со зголемување на присуството на предметните наставници по физичко образование во локалните училишта. Ова ќе се постигне со давање на поголема улога на сојузот на општински училишени спортови, во кој членуваат самите наставници и обезбедување на доволно финансиски средства од буџетот на општината за подршка на овој сојуз. Исто така, овој субјект добие и улога на импламентатор на повеќето спортски активности кои се во програмата на општината за спорт (мајки крос, фудбал за сите, и др.), но и на нивната програма за тековната година, со што ќе се подобри авторитетот на спортските работници во помеѓу учениците, а со тоа треба да очекуваме и поголем успех, што е и основна идејаи задача на локалната самоуправа, а тоа е подобрување на квалитетот на живот на локалната заедница |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Јануари 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Датум на завршување на проектот | Декември 2027 | | | |
| Вкупна вредност | 10.970.000 | | | |
| Име на студија | Годишна програма за спорт и рекреација | | | |
| | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Индикатори | 2.625.000 | 2.625.000 | 2.850.000 | 2.870.000 |
| Статус на реализација на проектот | Во моментот веќе постојат востановени процеси за предвидените активности, изготвени правилници и имплементирани процеси и најголем дел од активностите и работните пакети се тековни и постоечки<br>-Востановени постапки за доделување на стипендии и организација на настани од интерес на локланиот спорт и младите<br>-Воспоставена соработка со други спортски организации и субјекти<br>-Имплементирани спортски настани како традиционални и инволвирани спортски работници | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Крива Паланка | | | |
| Родова респонсивност (краток опис) | Програмата сама по себе е родово одговорна, бидејќи е наменета за двата пола подеднакво. Стипендиите кои се делат за талентирани ученици(чки) – спортисти(ки) се подеднакво распределени за машките и женските. Во однос на спортските клубови, кошаркарскиот клуб кој добива најголема поддршка од општината е клуб за девојчиња, а пинг-понгот и каратето се поддржани подеднакво, бидејќи има родова рамнотежа во однос на бројот на членовите. Пролетниот мајски крос е поделен по категории за машки и женски и овозможува подеднакво учество за сите, исто како и останатите спортски активности предвидени во програмата | | | |

**Потпрограма 2 – Создавање на функционална спортска инфраструктура за поддршка на развоот на спортот на локално ниво**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Спорт и рекреација | Ознака на буџетска/општинска програма | |
| Развојна потпрограма | Програма за создавање на функционална спортска инфраструктура | Ознака на развојна потпрограма | |

| | |
|---|---|
Градот Крива Паланка е распространет на двата брега на Крива Река и во должина на течението на Дурачка Река, зафаќа вкупна површина од околу 330 хектари со просечна надморска височина од 680 метри. Во ортографски поглед, релјефот на општината е ридско-планински, со доста нагласена висинска разлика, која се движи од 482 м.н.в. во Славишко Поле до 2.252 м.н.в. на врвот Руен на Осоговските Планини. Речиси целиот терен е зафатен со силен ерозивен процес и е дисециран со речни долини и суводолици. Планината Осогово е централен морфолошки објект. Зафаќа површина од 4.200км$^2$, од кои 3.270 км$^2$ се на македонска страна, а 930 км$^2$ ѝ припаѓаат на соседна Бугарија. Во Република Северна Македонија се наоѓаат поголем дел од високите врвови на планината како: Руен (2.252 м), Царев Врв (2.085 м), Калин Камен (1.817 м), Чатал Чешма (1.842 м), Китка (1.847 м), Синковица (1.545 м) и др. Во високиот дел на Осоговската Планина се пружаат извонредни терени, единствени и најквалитетни меѓу планините од источниот дел на Северна Македонија за развој на зимските спортови, и тоа како за нордиско така и за алпско скијање. Поради географската положба и ридско-планинската структура на релјефот, можат да се издвојат три висински зони со различни климатски особености и тоа: нископланинска, среднопланинска и високопланинска климатска зона. Нископланинската зона, во која припаѓа и градот Крива Паланка, се протега до 1.200 м надморска височина и се одликува со умерено континентална клима. Среднопланинската се протега од 1.200 до околу 1.700 м.н.в. и се одликува со свежо лето, студена пролет и есен, студена и снежна зима, како и големо количество врнежи. Високопланинската климатска зона се протега од 1.700-2.252 м.н.в. и има доста ниска средна

годишна температура и поголемо количество врнежи, а врвовите Руен и Царев Врв се под снежна покривка обично од крајот на октомври, до почетокот на јуни.

Општината Крива Паланка има умерено континентална клима што се должи на географската диспозиција и на извесни влијанија што навлегуваат од Егејот преку Крива Река. Главни одлики на оваа клима се умерено студена зима, умерено топло лето, свежа пролет и релативно топла есен.

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 11,5 Целзиусови степени, најтопол месец е јули, со просечна вредност од 22 Целзиусови степени, додека најстуден месец е јануари, со просечна вредност од 1 Целзиусов степен. Просечното годишно температурно колебање изнесува 20,3 Целзиусови степени.

Во споредба со соседните области што ја опкружуваат, кривопаланечката област добива значителни врнежи. Ова се должи на поголемата надморска височина, која претставува природен кондензатор за водената пареа што ја носат западните и јужните ветрови. Ветровите во Крива Паланка дуваат речиси од сите правци и во секое време од годината.

## ВОДНИ РЕСУРСИ

Осоговијата е богата со извори, потоци и реки. Ова богатство се должи на нејзината релативно голема надморска височина и геолошкиот состав. Регионот се карактеризира со бројни плитки реки и мали сливови. Најпознати се Крива Река и Дурачка Река.Крива Река извира во подножјето на Царев Врв, од силен извор на надморска височина од околу 1.800 метри. Вкупната должина на течението на Крива Река изнесува 69 километри со пад од 2,5%.Во центарот на градот ја прима својата најголема притока, Дурачка Река. Дурачка Река ја прават трите мали реки: Станечка, Козја и Дурачка. Вкупната должина на реката е 15 км.На подрачјето на општините досега се изградени две акумулации и тоа акумулацијата Базјачко Брдо со 14.100 м3 вода и акумулацијата Влашки Колиби со 6.200 м3 вода, лоцирани на Калин Камен на надморска висина од 1.590 м.

## ШУМИ

Обемот и структурата на шумите претставуваат еден од најзначајните природни потенцијали на општината Крива Паланка. Шумите учествуваат со 36,47% од вкупната површина на Општината. Под шума се наоѓаат 17527,5 хектари што изнесува 0,54% од шумите во државата. Под високи шуми се наоѓа околу 60% од вкупната површина под шуми, а остатокот е под ниски шуми. Најзастапена е буковата шума која се протега на надморска висина од 700 до 1200 метри.Според сопственоста на земјиштето околу 60% од шумите се во државна сопственост, а 40 % во приватна сопственост. Со државните шуми стопанисува ЈП „Македонски шуми“ – подружница ШС „Осогово“ Крива Паланка.

## ЖИВОТИНСКИ СВЕТ

Животинскиот фонд на Осоговијата во главно го сочинуваат: волкот, лисицата, зајакот,срната, дивата свиња, ежот, желката. Послабо се застапени: јазовецот, белката (куната) и видрата. Последната мечка, според записите, е убиена во 1891 година.Од влечугите застепени се гуштерите и змиите (водни и копнени).Од птиците ги има во голем број сојката, славејот, врапчето, кукавицата, утката, гарванот, а на повисоките врвови и јастребот, соколот и орелот.

## РАСТИТЕЛЕН СВЕТ

Растителниот свет на Осоговијата е богат и разнобразен. големите висински разлики условиле формирање на четири растителни појаси.

Првиот појас на нископланински пасишта или нископланински тревен појас започнува од јужната рамка на Славишката Котлина и се протега до 750 метри надморска висина. На овој појас природно му припаѓа и градот Крива Паланка. Во пониските негов дел застапени се капината и трњето, а во повисокиот закржлавени грмушки од габер, смрека и прнар, а сосема ретко и по некој брест, (с.Псача). Од културните растенија се застапени само овошните дрвја.

Вториот појас е со дабова шума. Тој допира со горна граница до 1200 метри. Во него се појавува и ситна шума. Крупни шумски растенија во овој појас се дабјето: горун, благун и др. Тревните површини во него ги сочинуваат: троскотот, млечката, луцерката, власината и до горната граница на дабовиот појас воедно е и горна граница на пченицата, модрите сливи, оревите и тополите.

Третиот појас го сочинува буковата шума која започнува од околу 1000-1200 метри, а се протега до 1500, односно 1700 метри надморска височина.Во овој појас се присутни и тревни пасишта. Од културните растенија таму се застапени компирот, ‘ржта, овесот, јачменот, а од овошните дрвја сливите џанки.

Четвртиот високотревен појас се простира веднаш над буковата шума, опфаќајќи ги највисоките делови на Осоговијата околу врвовите Руен и Царев Врв. Тревната формација таму ја сочинуваат таканаречените „исконски треви“, кои се примарна пасишна зона со извонредни можности за сточарство, а особено овчарство. Вакви се пасиштата кај Божидарица, Тораница, Средно Брдо, Калин Камен и Слана Бара.

Во минатото на Осоговијата постоел и кат на иглолисни шуми, кои биле уништени во периодот на Турското владеење за потребите на рударството и за создавање на плодни површини. Природните услови на Осоговијта (атмосферски почвени) се поволни за самообновување на шумите.

## ПОЧВА

Од вкупното земјиште во Општината 31% е обработливо и има големи природни предуслови и потенцијали за профитабилни вложувања во оваа гранка.Вкупно обработливо земјиште во Општината е 14906,8 хектари од кои:
• Ниви (ораници) – 11881,5 хектари (24,7%)
• Градини (градинарски култури) – 45,9 хектари (0,09%)
• Овоштарници – 630,9 хектари (1,31%)
• Лозја – 53,6 хектари (0,11%)
• Ливади – 2294 хектари (4,77%).

**РУДНИ РЕСУРСИ**

Осоговскиот планински масив е во редот на позначајните рударски области во Република Македонија. Во регионот на општината Крива Паланка се наоѓаат повеќе рудни наоѓалишта на метали (олово, цинк, антимон, бакар, сребро, злато и др.) како и на неметали (бентонитски глини, туфови, кварц, дијатомејска земја и др.). Металните рудни наоѓалишта се лоцирани претежно во осоговскиот планински масив, поточно во рамките на металогенетската зона Бесна Кобила-Осогово-Таос. Како најголемо потенцијално рудно лежиште е утврдено лежиштето на оловно цинкови рудни резерви.Рудникот за олово и цинк „Тораница“ се наоѓа во северо – источниот дел на Република Македонија на падините на планината Осогово близу Македонско – Бугарската граница оддалечен 18 км од Крива Паланка, а 120 км од Скопје. Рудникот „Тораница“ е проектиран како современ рудник со капацитет од 700 000 тони/год. ровна руда. Рудата од лежиштето „Тораница“ се појавува во три текстурни типа. Чиста руда со застапеност од 51 % , масивна руда 29 % и инпрегрирана руда 20 %.Рудникот во моментот не работи.Рудникот и флотација „Крстов Дол“ се наоѓаат на околу 20 километри оддалеченост од Крива Паланка. Во флотацијата Крстов Дол е преработувана руда на антимон. Покрај ова е преработувана и молибденова руда донесена од Турција и извесна количина на руда на антимон од рудното лежиште „Алшар“ – Кавадарци со висок процент на арсен. Рудникот е затворен.

**Комунална инфраструктура и планирање**

**Просторна и урбанистичка планска документација**

Општина Крива Паланка го донесе Генаралниот урбанистички план за период од 2019 до 2029, што претставува силна страна на општината.

Генералниот урбанистички план зафаќа површина од 659 хектари (целосно ја опфаќа површината на КО Крива Паланка и делови на КО Конопница, КО Градец , КО Варовиште,КО Кошари, КО Дурачка Река, КО Мартиница, КО Дреење и КО Лозаново). Во ГУП-от е внесена примарната инфраструктура која се наоѓа во опфатот како што е трасата на железничката пруга, трасата на дел од Коридорот 8 од автопатот, трасите на гасоводот и високонапонска електрична мрежа, трасата на колекторите за водовод и канализација, како и трасата за регулација на Крива Река, Дурачка Река и пороите што влегуваат во опфатот на планот. Во ГУП, покрај другото, се дадени општи и посебни услови за просторен развој, параметри за спроведување на планот, плански услови за детално планирање на просторот, стратегиска процена на влијание врз животната средина, мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина, мерки за заштита од разурнување и други податоци за планските решенија.

Покрај ГУП–от општината има донесено и ДУП-ови кои се со важност до донесување на нови, а донесена е и ЛУПД со разработен УП за хотелски комплекс на Калин Камен. За поедини села има донесено и општи акти. Во Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година се планира постапка за донесување на урбанистички план за с. Градец .

Општината има државно земјиште кое може да се понуди на продажба со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (локација м.в. Карпош и м.в. Грамаѓе) и намена Б2-хотел (локација Калин Камен -Езерце). Во ГУП, како и во општите акти за село Конопница и село Мождивњак, исто така, има предвидено земјиште за развивање на лесна индустрија.

Во Општина Крива Паланка неактивните училишни згради , помошни објекти , задружните домови кои со делбениот биланс помеѓу Републиката и општините се пренесени во сопственост на општината ( Службен весник на РМ бр. 15 од 2000 ) ,можат да се издаваат на физички и правни лица. И во градот Крива Паланка постојат неколку објекти кои се во спственост на општината и истите можат да се издаваат на правни и физички лица.

Слаба страна е тоа што објектите се стари и за нив е потребна реконструкција и преадаптација.



***<u>Сообраќајна – патна мрежа</u>***

Општина Крива Паланка директно е лоцирана на магистралниот пат А2, кој е дел од Коридорот Е-8. На југозапад општината е поврзана со Куманово (64 км) и со Скопје (98 км), на југ преку превојот Четал се поврзува со Кратово (45 км), на североисток преку граничниот премин Деве Баир со Ќустендил (37 км) во Република Бугарија и на север преку дневниот граничен премин на Краиште (околу 20 км) со Општина Босилеград, Србија.

Преку меѓународниот патен правец А-2 општината е поврзана со аеродромот „Скопје“ кој е на оддалеченост од околу 80 км и со Софискиот аеродром на оддалеченост од околу 140 км.

- *На територијата на општината во должина од 40 км минува магистралниот пат А-2;*
- *Регионалната патна мрежа во општината изнесува околу 70 км:*
  - *R 2245 Крива Паланка (врска со А2) Осиче – Огут – граница со Република Србија;*

- *R 2250 Крива Паланка (врска со А2) Дубровница – Голема Црцорија – Луке – граница со Република Србија;*
- *1210 врска со А2 – Тораница – Македонска Каменица (врска со А3);*

- *Локалната патна мрежа е околу 180 км;*
- *На 15 километри од градот Крива Паланка се наоѓа граничниот премин Деве Баир на границата со Република Бугарија. На самиот граничен премин се наоѓа современо опремен* ***царински терминал****, со инфраструктура што ги обезбедува сите царински и шпедитерски, банкарски и друг вид услуги според потребите на корисниците.*

## ПАТНА МРЕЖА – ЛОКАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ

| **РЕЛАЦИЈА** | **КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПАТОТ** | **ДОЛЖИНА АСФАЛТЕН ДЕЛ** |
|---|---|---|
| **Крива Паланка – Б‘с** | **локален пат** | **8 км / 7 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Баштево** | **локален пат** | **16 км / 11,5 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Борово** | **локален пат** | **17 км / 14,5 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Варовиште** | **локален пат** | **5,7 км / 5,2 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Габар** | **Регионално-локален пат** | **15 км / 13 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Г. Црцорија** | **регионален пат** | **17 км / 17 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Градец** | **локален пат** | **7 км / 7 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Длабочица** | **Регионално-локален пат** | **13,5 км / 11,5 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Дренак** | **локален пат** | **21 км / 7,5 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Дрење** | **локален пат** | **3 км / 2 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Добровница** | **регионален пат** | **12 км / 12 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Дурачка Река** | **локален пат** | **7,5 км / 7,5 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Жидилово** | **регионален пат М2** | **8 км / 8 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Киселица** | **регионално-локален пат** | **5,5 км / 5,5 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Конопница** | **локален пат** | **5 км / 5 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Костур** | **регионално М2 – локален пат** | **13 км / 12 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Кошари** | **локален пат** | **3 км/2 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Кркља** | **регионално М2 – локален пат** | **12 км / 10,5 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Крстов Дол** | **регионален пат** | **16 км / 16 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Лозаново** | **локален пат** | **4 км / 4 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Луке** | **регионално-локален пат** | **20 км / 20 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Мала Црцорија** | **Регионално-локален пат** | **15 км / 12 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Мартиница** | **локален пат** | **3,5 км** |
| **Крива Паланка – Метежево** | **регионален пат** | **21 км / 21 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Мождивњак** | **магистрален М2 – локален пат** | **12,5 км / 12,5 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Нерав** | **Регионално-локален пат** | **35 км / 35 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Огут** | **регионален пат** | **25 км / 25 км асфалт** |

| | | |
|---|---|---|
| **Крива Паланка – Осиче** | **регионален пат** | **8 км / 8 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Подржи Коњ** | **Регионално-локален пат** | **20 км / 20 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Станци** | **локален пат** | **7 км / 7 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Т‘лминци** | **регионален М2 – локален пат** | **8 км / 7 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Трново** | **локален пат** | **15 км / 13 км асфалт** |
| **Крива Паланка – Узем** | **регионален М2 – локален пат** | **15 км / 13 км асфалт** |

***Јавен превоз***

Во Крива Паланка за јавен превоз на патници се користи патен сообраќај. Автобуската станица со која стопанисува АД „Пролетер" Крива Паланка, работи и ја врши својата функција во меѓуградскиот автобуски превоз.

Во Општина Крива Паланка има 4 автотакси превозници односно се издадени 4 лиценци и 44 изводи од лиценци.

**Комунална инфраструктура и услуги**

Во состав на општината постојат две јавни комунални претпријатија – ЈКП Комуналец и ЈКП Калин Камен.

ЈКП Калин Камен е основано 2011 година, а активирано е од 2022 година со намена за стопанисување со општински паркинзи и зонско паркирање, како и снабдување со енергија од обновливи извори на енергија (фотоволтаици на кровови на јавни институции), но сеуште е во почетна фаза на функционирање без вработени лица.

Јавно комунално претпријатие „Комуналец" е основано 1966 година и со ангажирање на 92 вработени, ги обавува следните главни дејности:

• Производство и дистрибуција на чиста вода за пиење
• Одведување на фекални води
• Собирање,транспорт и депонирање на цврст отпад
• Одржување на пазари на мало
• Погребни услуги

***Водоводна инфраструктура - водоснабдување***

Услугата за снабдување со вода, односно опсегот на водоводниот систем во Крива Паланка опфаќа вкупно 4959 домаќинства, од кои 4421 се во Крива Паланка, 465 се во с.Конопница, 53 се во с.Дурачка Река, 12 се во с.Луке и 8 се во с.Мождивњак.

**КОЛИЧИНА НА ИСПОРАЧАНА ВОДА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

| Година | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно произведена (испорачана) количина на вода ($m^3$/год) | 929 109 | 925 500 | 916 200 | 914 600 |
| Вкупно фактурирана количина на вода ($m^3$/год) | 623 505 | 638 581 | 634 921 | 632362 |
| Вкупно наплатена вода ($m^3$/год) | 498 804 | 510 865 | 507 937 | 505 890 |

(Податокот е од ЈКП, а количините за сите населени места покриени со системот за водоснабдување)

***Водоснабдителен систем Крива Паланка***

Системот за водоснабдување на општина Крива Паланка се состои од неколку извори и тоа:

- Извор „Калин Камен" на површина од 515,5 хектари, со капацитет од 24-90 *l/s*, во зависност од периодот во годината, во кој потребниот притисок се обезбедува со гравитација. Граден е во повеќе фази од 1980 год., а последна реконструкција му е правена 2013-14 г. Доводниот цевковод е 10,6 км,со челични и GRP цевки , со пресек DN 219.1mm и DN 300 mm. Има запремнина на резервоарот за вода од 500 $м^3$ , во добра состојба е, но му треба реконструкција. Во доводниот цевковод се јавуваат загуби во износ 3-5%
- Извор „Бела Вода" – с.Мартиница, со капацитет 3,5-5,5 *l/s* , во зависност од периодот во годината, во кој потребниот притисок се обезбедува со гравитација. Граден е во 1978 год. Доводниот цевковод е 10,5 км,со PVC цевки , со пресек DN 90 mm. Има запремнина од 500 $м^3$ , во добра состојба . Во доводниот цевковод се јавуваат загуби во износ 5-10%
- Извор „Видња" – с.Дурачка Река, со капацитет 2,5-3, *l/s*, во зависност од периодот во годината, во кој потребниот притисок се обезбедува со гравитација. Граден е во 1999 год. Доводниот цевковод е 180 м,со PVC цевки , со пресек DN 63 mm. Има резервоар за вода од 50 $м^3$ , за реконструкција.
- Извор „Река" – с.Конопница, со капацитет 2-3 *l/s*, во зависност од периодот во годината, во кој потребниот притисок се обезбедува со гравитација. Граден е во 1998 год. Доводниот цевковод е 400 м,со PVC цевки , со пресек DN 63 mm. Има резервоар за вода од 150 $м^3$ , за Конопница-Трнци, граден во 2008 во добра состојба и резервоар за с.Конопница-Деловодци/Чивлк , 2x40 $m^3$ , граден 1998
- Извор „Божидарица" – с.Узем, со капацитет 0,3-0, *5l/s*, во зависност од периодот во годината, во кој потребниот притисок се обезбедува со гравитација. Граден е во 1972 год. Доводниот цевковод е 2,86 км со резервоар за вода од 40 $м^3$ , загуби 7-10 %
- Извор „Костур", со капацитет 3-4 *l/s*, во зависност од периодот во годината, во кој потребниот притисок се обезбедува со гравитација. Граден е во 2007 год. , со цевки со пресек DN 90 mm Доводниот цевковод е 100 м со резервоар за вода од 40 $м^3$ , загуби 3-5%
- Извор „Луке", со капацитет 3-4 *l/s*, во зависност од периодот во годината, во кој потребниот притисок се обезбедува со гравитација. Граден е во 2020 год. , со цевки со пресек DN 90 mm Доводниот цевковод е 100 м со резервоар за вода од 25 $м^3$ , загуби 3-5%. Доводниот PE цевковод е 22 м, со пресек DN 50 mm.

Во системот за водоснабување има инсталирано систем за далечинско електронско отчитување на водомерите, при што е измерено 30,86% загуби во мрежата. Карактеристики на пумпната станица во с.Конопница

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.5.1 | Име на пумпна станица (локација) | Крива Паланка 3 (три);Конопница -Трнци | | |
| 2.5.3 | Инсталиран капацитет | Проток (L/s) | Висина (m) | Снага (kW) |
| | | 12; 2 | | 44; 7,5 |
| 2.5.4 | Потрошувачка на енергија | 2020 | 2021 | 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (kWh/g) | 163 441 | 124 434 | 82 644 |
| 2.5.5 | Година на изградба | Крива Паланка 3(три )2000;Конопница -Трнци 2008 | | |

Резервоарот во Крива Паланка е нова градба, додека на цевководот се изврши реконструкција на делот каде што имаше азбест-цементни цевки во должина од 2.000 $м^1$, а останато е да се изврши замена на азбест-цементни цевки во должина од 1.200 $м^1$. Поголемиот дел од мрежата е со ПВЦ цевки со дијаметар од ф 90 мм, работен притисок до 10 бари и се во добра состојба. Сите потрошувачи се поврзани со водомери и немерената вода и водните загуби се мали.

***КУЛТУРА***

На територијата на Општина Крива Паланка постојат две институции од културата:
- НУ Центар за култура – вработени вкупно 17 (11 мажи и 6 жени),
- ЛУ Градски музеј – вработени вкупно 4 (2 мажи и 2 жени).

## КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ГРАДИТЕЛСКО НАСЛЕДСТВО

**САКРАЛНО НАСЛЕДСТВО**

Во Општина Крива Паланка се наоѓаат голем број споменици од културно, историско градителско сакрално наследство: цркви и манастири изградени во периодот од XI до XIX век.

***Црква Св. Димитрие – Крива Паланка.*** Изградена е во 1833 година и по својата архитектонска концепција претставува трикорабна базилика со отворен трем на запад и северозапад и ниска полукружна апсида на исток. Она што е особено карактеристично за овој храм е внатрешната организација на просторот. Евидентирани се приближно 104 икони.

***Манастирот Св. Јоаким Осоговски – црква Св. Јоаким.*** Од житието на овој пустиножител дознаваме дека свештеникот Теодор од Овче Поле, со монашко име Теофан, го основал манастирот за време на владеењето на византискиот цар Манојло Комнен (1143 – 1180). Тој во црквата ги погребал моштите од Јоаким Осоговски.

***Црквата Рожденство на Св. Богородица***. Се претпоставува дека била градена кон крајот на XI век, а обновена во Милутиновото време. Иконите на малиот иконостас се дела на зографи од тајфата на Аврам Дичов. Од најстариот живопис се зачувани само фрагменти од орнаментика на северниот ѕид во олтарскиот простор.

***Црква Св. Никола– с. Трново***. Црквата им припаѓа на манастирските цркви, изградени во периодот на турската доминација на Балканот. Меѓу насликаните светители на долната зона се издвојува и ликот на Св. Јоаким Осоговски. Евидентирани се 7 икони.

***Црква Св. Никола – с. Градец***. Црквата претставува релативно голема еднокорабна градба изградена во XIX век (1862 година), со отворен трем на западната и делумно на јужната страна. Според записот на иконата на Св. Ѓорѓи, иконите на иконостасот, по сè изгледа, се работени во 1869 година од Евгениј Кузмановиќ од Дебар. Евидентирани се 51 икона.

**Испосница Св. Јоаким Осоговски – с. Градец.** Село Градец лежи на десната страна по течението на Крива Река, на оддалеченост од 6 км, со изграден пат, западно од Крива Паланка. С. Градец е поврзано со делото на преподобниот отец и пустиножител Св. Јоаким Осоговски, кој живеел и духовно се воздигнал тука кон крајот на XI век.

***Црква Св. Теодор Тирон – с. Конопница.*** Оваа црква по својот архитектонски облик претставува солидно изграден триконхос од делкан (цепен) камен. Изградена е во 1885 година. Покриена е со ќерамиди. Евидентирани се 47 икони.

***Црква Св. Никола – с. Длабочица.*** Оваа црква е нова градба. Изградена е на еднокорабна основа во 1928 година. Црквата не поседува споменички вредности.

***Црква Св. Никола – с. Дубровница***. Оваа црква не поседува вредности и е градена на еднокорабна основа, во поново време, во првата половина на 20 век.

***Црква Св. Илија – с. Луке.***Според натписот што е врежан на јужната фасада, оваа црква е изградена во 1936 година. Во внатрешноста нема живопис, освен иконостас. Евидентирана е една икона.

***Црква Св. Троица – с. Мождивњак***. Црквата е нова градба (XX век) со еднокорабна основа, без апсида, со отворен трем на западната и на јужната страна.

## ЗАШТИТЕНИ СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА

**Кривопаланечка тврдина** – воено утврдување изградено во времето на турскиот везир Бајрам-паша во 1633 година, коешто претставува и почеток на постоење на Крива Паланка како урбано место. Тврдината била изградена пред сѐ за заштита на карваните и патниците што поминувале по значајниот пат по долината на Крива Река.

**Спомен костурница** – Во костурницата се наоѓаат земните останки на српските војници загинати во Првата балканска војна, од битките што се одвивале на територијата на Крива Паланка и кривопаланечката околија.

**Споменик на паднатите борци од НОБ** – споменик на паднатите борци од Народноослободителната борба, подигнат во спомен на жртвите што ги дала Крива Паланка и Кривопаланечко, во борбите за ослободување на Македонија.

**Спомен обележје – Чупино Брдо** – спомен-обележје изградено како споменик на двете значајни битки за ослободување, кои ги воделе кривопаланечките партизански одреди во овој реон потпомогнати од Третата македонска бригада.

**Споменик од НОБ** – Кркља – спомен-обележје изградено како сведок и потсетник за паднатите борци, од првата битка на тогаш новоформираниот Кривопаланечки партизански одред во 1944 г.

## КУЛТУРНИ И СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ НАСТАНИ И МАНИФЕСТАЦИИ

### I. РОК-ФЕСТИВАЛ „ЏОЈ ФЕСТ“

Фестивалот традиционално се одржува во последната недела од август. Главен покровител на манифестацијата е Општина Крива Паланка. На фестивалот настапуваат реномирани уметници од земјата и од странство, а привлекува внимание и пошироко во регионот.

### II. МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“

Фестивалот се одржува на **25, 26 и 27 август**. По повод свеченостите околу патрониот празник на манастирот Св. Јоаким Осоговски како и градското дводневно празнување на својот светец и заштитник, од 2003 година Општина Крива Паланка е организатор на Меѓународниот фолклорен фестивал „Св. Јоаким Осоговски“.

### III. ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

Ликовната колонија „Св. Јоаким Осоговски“ се одржува традиционално во манастирот Св. Јоаким Осоговски во организација на одборот на колонијата и МПЦ. Традиционалната Ликовна колонија „Св. Јоаким Осоговски“ **се одржува секоја година во периодот од 5 – 20 септември** и има голем опус на вредни уметнички дела.

## IV. МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СВ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“

Со Меѓународниот фестивал „Св. Јоаким Осоговски“ е востановена кривопаланечката театарска сцена. Се одржува традиционално од 2009 година наваму, во периодот **од 15 – 21 септември.**

## V. 8 ОКТОМВРИ – ДЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КРИВА ПАЛАНКА

По повод 8 Октомври, денот на ослободувањето на градот Крива Паланка од фашистичките окупатори, Општина Крива Паланка, од 1945 година наваму, секоја година по ред го празнува 8 Октомври со пригодни свечености и богата културно-уметничка програма.

## VI. МЕЃУГРАНИЧНА СРЕДБА ГОЛЕШ

На Петровден, на македонско-српската граница се одржува погранична средба во организација на локалните самоуправи на општините Крива Паланка (Република Северна Македонија), Ќустендил (Република Бугарија) и Босилеград (Република Србија).

## VII. СОБОР ВО МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС ПО ПОВОД ЧЕСТВУВАЊЕТО НА ДЕНОТ НА ПАТРОНОТ НА ГРАДОТ „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“

Секоја година на **28 и 29 август** се чествува денот на патронот на градот Св. Јоаким Осоговски. Тоа е голем народен собор и верска манифестација посетена од голем број луѓе, црковни свештеници, како и од поглаварот на МПЦ.

## VIII. НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН

Традиционален обичај во кој невестите што склучиле брак помеѓу две Тодорови саботи, заедно со своите свекрви, облечени во народни носии се поклонуваат на патронот на црквата во с. Конопница, Св. Теодор Тирон, кој според верувањата кај народот е заштитник на младите невести, породот, реколтата и добитокот. Времето на одржување на обредот е за велигденскиот пост.

## IX. НОВОГОДИШЕН БАЗАР

Традиционална културно-забавна манифестација за првпат востановена во 2021/2022 година. Се одржува во периодот на втората половина на декември во тековната година, до крајот на јануари во новата година. Во рамките на истата манифестација се одржува и **ПИФТИЈАДА** на 19 јануари на големиот христијански празник **БОГОЈАВЛЕНИЕ – ВОДИЦИ.**

## X. ЏИП РЕЛИ – OFF-ROAD

Џип рели – Off-road се одржува традиционално секоја година. Релито има ревијален карактер и се одржува под мотото „Да ги запознаеме убавините на Осоговските Планини“, во должина од 64 км, а во иднина се планира оваа спортска манифестација да биде со натпреварувачки карактер.

## XI. ТРОМЕЃА

Меѓународна планинарска традиционална средба на тромеѓата на граничната линија помеѓу Република Северна Македонија, Република Србија и Република Бугарија, на граничниот камен – 106, во атарот на с. М. Црцорија. Средбата е во организација на Планинарските друштва од трите општини, Крива Паланка, Врање и Ќустендил, а се одржува во најблиската сабота до Петровден.

## XII. ТРАНСВЕРЗАЛА ЦАРЕВ ВРВ – ПСД РУЕН

Традиционално секоја година, во последниот викенд на јуни, се организира трансверзалата Царев Врв, или искачувањето на Царев Врв (2.085 м).

## XIII. 4М – МЕЃУНАРОДНА ПЛАНИНАРСКА ТРАНСВЕРЗАЛА

Трансверзалата Св. Гаврил Лесновски – Св. Јоаким Осоговски (www. planinarenje.org) е востановена по идеја на планинарскиот водач С. Величковски и традиционално се организира секоја година. Трансверзалата 4М е дел од меѓународното поврзување со планинарски (трекинг) патеки, според легендата од XI век, за четворицата духовни браќа, пустиножителите Св. Јоаким, Св. Јован, Св. Прохор и Св. Гаврил. Патеката започнува од манастирот Лесново (Пробиштип), а завршува во Осоговскиот манастир (Кр. Паланка).

## XIV. РУЕН

Традиционално меѓународно искачување на највисокиот врв на Осоговските Планини – Руен (2.252 м), во организација на ПСК РУЕН – Крива Паланка и Туристичко друштво Осогово Ќустендил. Искачувањето се организира во јуни.

## **<u>Историски споменици од НОБ</u>**

| | | |
|---|---|---|
| Спомен костурница на српските војници | ул. Св. Јоаким Осоговски м.в.Пролетер | Спомен костурница во вид на храм во чест на загинатите српски војници во период од 1912 до 1918 година |
| Спомен плоча за ослободените интернирци | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.173 | Спомен плоча од црн мермер во чест на ослободувањето на интернираното население |
| Споменик на борците од НОВ од Кривопаланечко | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Бронзен споменик кој се наоѓа пред општинската зграда на Општина Кр. Паланка во спомен на борците од НОВ од Кривопаланечко |
| Спомен плоча во чест на формирање на првата партиска организација на КПЈ во Кр. Паланка | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.166 | Спомен плоча изработена од бел мермер; каде на посочената локација во куќа е формирана првата партиска организација на КПЈ за Кр. Паланка – денес на таа локација се наоѓа хотел Турист |
| Спомен плоча на паднатите борци во НОВ од Крива Паланка; с. Мартиница; с.Конопница; с.Длабочица и с.Псача | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Спомен плоча од сив мермер; која се наоѓа пред општинската зграда на Општина Кр.Паланка во чест на загинатите борци од Крива Паланка; с.Мартиница; с.Конопница; с.Длабочица и с.Псача |
| Спомен плоча на загинатите борци од НОВ од с.Жидилово; с.Кркља; с.Узем; с.Дубровница и с.Подржи Коњ | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Спомен плоча од сив мермер; која се наоѓа пред општинската зграда на Општина Кр.Паланка во чест на загинатите борци од с.Жидилово; с.Кркља; с.Узем; с.Дубровница и с.Подржи Коњ |
| Спомен плоча на загинатите борци од НОВ од с.Дурачка Река; с.Станци и с.Метежево | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Спомен плоча од сив мермер; која се наоѓа пред општинската зграда на Општина Кр.Паланка во чест на загинатите борци од с.Дурачка Река; с.Станци и с.Метежево |

| | | |
|---|---|---|
| Спомен плоча на загинатите борци од НОВ од с.Трново; с.Киселица и с.Мала Црцорија | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Спомен плоча од сив мермер; која се наоѓа пред општинската зграда на Општина Кр.Паланка во чест на загинатите борци од с.Трново; с.Киселица и с.Мала Црцорија |
| Спомен плоча на загинатите борци од НОВ од с.Луке; с.Осиче; с.Градец и с.Дрење | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Спомен плоча од сив мермер; која се наоѓа пред општинската зграда на Општина Кр.Паланка во чест на загинатите борци од с.Луке; с.Осиче; с.Градец и с.Дрење |
| Спомен плоча на загинатите борци од НОВ од с.Баратлија; с.Отошница; с.Гулинци; с.Станча; с.Љубинци; с.Б'с и с.Можднвњак | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Спомен плоча од сив мермер; која се наоѓа пред општинската зграда на Општина Кр.Паланка во чест на загинатите борци од с.Баратлија; с.Отошница; с.Гулинци; с.Станча; с.Љубинци; с.Б'с и с.Можднвњак |
| Спомен плоча на загинатите борци од НОВ од с.Радибуш; с.П'клиште; с.Петралица; с.Голема Црцорија и с.Габар | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Спомен плоча од сив мермер; која се наоѓа пред општинската зграда на Општина Кр.Паланка во чест на загинатите борци од с.Радибуш; с.П'клиште; с.Петралица; с.Голема Црцорија и с.Габар |
| Спомен плоча на загинатите борци од НОВ од с.Борово; с.Одрено; с.Опила; с.Ветуница и с.Герман | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Спомен плоча од сив мермер; која се наоѓа пред општинската зграда на Општина Кр.Паланка во чест на загинатите борци од с.Борово; с.Одрено; с.Опила; с.Ветуница и с.Герман |
| Гроб на паднати борци од НОВ | Гробишта во с.Можднвњак | Гробно место во кое се закопани посмртни останки на тројца партизани кои се убиени од страна на локалната контра чета од с.Можднвњак и бугарските војски во 1944 година |
| Спомен чешма | ул. Вера Јоциќ; бб; н.Скрљава м.в.Болничка ливада | Спомен чешмата е подигната по повод 35 години од првото заседание на АСНОМ |
| Спомен плоча на жртви од Кривопаланечкиот партизански одред | с.Кркља – м.в.Споменик | Мермерна спомен плоча вметната во бетонска петокрака поставена на постамент и е обоена со црвена боја. Ова спомен обележје е изработено во чест на загинатите партизани во борбата со германските војски на 3 Октомври 1944 г. |
| Спомен обележје во чест на победата на борците од III-та Македонска ударна бригада и Косовските баталјони над бугарската фашистичка војска | с.Мала Црцорија - м.в.Ширина | Спомен обележјето е во вид на шестоаголник изработен од бетон обоен со бела боја; како што оди во висина се стеснува; додека по наредните 60 см висина се разгранува (расцветува) во шест краци кои се стеснуват во отвор . Натписот се наоѓа на западната страна на бела мермерна плоча |
| Спомен плоча | с.Метежево | Мала мермерна плоча изработена од бел мермер поставена во предниот дел на приватната куќа на Сента Цветановски во која е формирана командата на оваа место во 1944 година |
| Споменик на збратимените народи – Чупино Брдо | с.Луке – м.в.Чупино Брдо | Споменикот е изработен од делкан камен и е поставен на правоаголна основа изработена од бетон. На средишниот дел од споменикот е вметната правоаголна мермерна плоча со натпис; и на врвот од споменикот има мермерна петокрака. |
| Споменик на Вера Јоциќ | ул. Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Бронзен споменик на бел мермерен постамент; поставен во спомен на Вера Јоциќ; борец и учесник во народноослободителната борба |
| Спомен обележје на Христијан Тододровски – Карпош | ул. Херој Карпош – м.в. Бавчал'к | Бронзена биста на Христијан Тододровски – Карпош поставена на бел мермерен постамент |

| | | |
|---|---|---|
| Спомен плоча на загинатите во НОБ за денешната слобода | с.Дурачка Река – дворно место на ПООУ Јоаким Крчовски | Спомен плочата е изработена од сив мермер поставена на постамент кој што е изработен од бетон. Спомен плочата е поставена на средина; а од двете страни има вертикални бетонски постамени на кои има чешми. |
| Спомен обележје во чест на загинатите борци од 1941 – 1945 0д с.Метежево; с.Огут и с.Нерав | с.Огут | Спомен обележје поставено на правоаголен бетонски постамент во форма на кириличната буква М изработен од бетон; каде на средината од споменикот се наоѓа бела мермерна плоча на која се испишани имињата на загинатите борци од 1941 – 1945 од с.Метежево; с.Огут и с.Нерав |
| Спомен биста на Ѓорче Петров | ул. 8-ми Октомври бр.91 – дворно место на гимназија Ѓорче Петров | Бронзена биста на Ѓорче Петров поставена на вертикален постамент од сив мермер; на неговата предна страна со мала бронзена плоча на која е испишано името на Ѓорче Петров |
| Спомен плоча на загинати во НОБ од с.Луке; с.Подржи Коњ и с.Крстов Дол | с.Подржи Коњ-м.в.Задружен Дом | Спомен плочата е поставена на фасадата на Задружниот дом во село Подржи Коњ; и е посветена во чест на загинати борци во НОБ 1941-1945 од селата Луке; Подржи Коњ и Крстов Дол |
| Спомен плоча на загинати припадници на безбедносните сили во 2001 година | ул.Св. Јоаким Осоговски; бр.175 | Спомен плочата се наоѓа пред општинската зграда на Општина Крива Паланка. Поставена е како 9 -та по ред од вкупно 9 спомен плочи. На спомен плочата се испишани имиња на загинати борци во конфликтниот период во 2001 година од Кр. Паланка |
| Спомен обележје – Македонски херои | ул. Св.Јоаким Осоговски; бр. 185 | Споменикот е поставен пред полициската станица во градот; направен од бел мермер. На самиот мермерен блок (кој е во вид на амблемот на полиицијата) во горната зона се поставени три бронзени спомен –бисти; со ликови на загинатите Момир; Јане и Горан; додека под неа е правоаголна мермерна плоча со посвета на загинатите во воените дејствија во конфликтот од 2001 г.; како благодарност на граѓаните од Крива Паланка. |
| Спомен плоча на паднатите борци од НОАВМ 1941-1945 и жртви на фашистичкиот терор од с.Конопница | с.Конопница – црква Св.Теодор Тирон | Спомен плочата е изработена од мермер; и е поставена вертикално на хоризонтален постамент кој што е изработен од бетон. Споменикот е подигнат во чест на паднатите борци од НОАВМ-1941-1945 година и на жртвите на фашистичкиот терор од с.Конопница |
| Спомен плоча на паднатите борци од НОАВМ во с.Жидилово | с.Жидилово – на училишната згрдада на ПООУ Јоаким Крчовски | Мермерна плоча изработена од сивкаст мермер во чест на паднатите борци 1941-1944 во НОАБМ; жртви на фашистичкиот терор и загинати војници 1941 година при нападот на Југославија |
| Спомен обележје на Миле Крстевски | ул.8-ми Октомври | Бронзена биста поставена на црвеникав мермерен постамент. Спомен обележјето е подигнато во чест на Миле Крстевски-1954-2004 (дипломат во канцаларијата на претседателот на Р.Македонија); родум од Крива Паланка; кој заедно со претседателот Борис Трајковски и претседателската делегација загинаа во авионска несреќа кај на пат кон Мостар. |

| | | |
|---|---|---|
| Спомен обележје во чест на победата и разоружувањето на 29-тата бугарска дивизија од страна на Кривопаланечкиот партизански одред | с.Борово-м.в.Кучешки Преслап | Спомен обележјето се наоѓа во атарот на с.Борово во територијалниот дел на Крива Палаанка; во планинскиот масив на Осоговските Планини. На местото 5 партизани од Кривопаланечкиот партизански одред ја разоружуваат 29-та бугарска дивизија; настан кој го подига борбениот дух и морал кај останатите партизански единици. |
| Спомен биста на Јоаким Крчовски | ул.Св. Јоаким Осоговски бр. 139 | Спомен обележјето е изработено во чест на животот и делото на Јоаким Крчовски; и се наоѓа во дворот на истоименото општинско училиште Јоаким Крчовски. |
| Гробен споменик на: Игумен Јоаким Крчовски и Ереј Давид Јоакимович | ул.Јане Сандански бр. 23 | Споменикот е изработен од обработени камени плочи; а покрај него се наоѓа месингена плоча; обоена со златна боја на која се испишани имињата на починатите. |

**ЛОКАЛНА УСТАНОВА „ГРАДСКИ МУЗЕЈ“**

Градскиот музеј е формиран во октомври 2006 годин, како локална установа од областа на културата. Музејот е сместен во поранешната зградата „Дом на Арм“, во центарот на градот. Зградата во која е сместен ЛУ Градски музеј – Крива Паланка датира од 1926/27 година и е еден од најстарите и најубавите објекти во градот. Музејот располага со околу 500м² внатрешен простор во кој се сместени изложбените сали, депоата, канцелариите, како и помошни простории. Комплексниот карактер на музејот се согледа во тематиката на студиската музеолошка обработка на културното наследство на кривопаланечкиот крај преку: етнологијата, археологијата, историјата, историја на уметност, нумизматиката и техничката култура, области на истражување во музејот.

Приказната наречена *„Културно наследство на Кривопаланечко“* започнува со **Етнолошката поставка** поставена во 2011 г. и целосно реконструирана и реконцептирана во 2016/17/18 година. Етнолошката поставка се состои од селски(рурален) дел и староградски дел, кој го одсликува животот во градот крајот на 19 век и првата половина на 20 век.

**Историската поставка** како збирка е поставена уште во 2006 година, а денес е во фаза на реконструкција и реконцепција која се надеваме дека догледно време ќе биде пуштена за посетители.

**Археолошката поставка** е поставена во март 2013 година во која со артефакти се претставени археолошките локалитети во Кривопаланечко. Во надлежност на музејот се следните археолошки локалитето од праисторија до средниот век: лок. Блидеж-с. Вржогрнци, лок.Мал Камлеш-с.Ранковци, лок.Могила-с.Отошница, лок. Градиште-с.Опила, Месност Чифлик, Чифличиште-с.Опила(населба од доцноантички период), Драки-с.Љубинци(некропола од доцноантички период) и Ровине-с.Псача(населба и некропола од доцноантички период).

Како дел од музејот е **Градската уметничка галерија** (20013г.) во која се организираат повремени тематски изложби.

Покрај изложбените простории во музејската зграда се наоѓаат и соодветно опремени депоа за чување на музејските предмети. Музејот располага со околу 3 000 музејски експонати најчесто прибавени со подарок на населението од Кривопаланечко, откуп и археолошки истражувања на горе наведените археолошки локалитети.

Во склоп на музејот работи **Сувенирницата** отворена во 2011 година, која располага со богат асортиман на артикли кои го отсликуваат културното наследство на нашиот град и на државата. Настојуваме сувенирите да бидат набавени од наши локални занаетчии и слободни уметници кои вложуваат многу љубов во нивните рачни изработки.
Музејот исто така располага со **Библиотека,** која секоја година се обновува со нова стручна литература од областа на Етнологијата, Историјата, Археологијата и Историја на уметноста. Библиотеката е достапна за потребите од стручна литература на граѓаните.
Освен придружен печатен материјал за привремените изложби музејот издава и **стручни публикации**, кои можат да се најдат во самата Сувенирница. Најбарани стручни изданија се: изданијата на Славишки збирник 1, 2 и 3; По патот на легендите, Занаетите во Крива Паланка и Дупница; Традиционална архитектура на Крива Паланка и Кривопаланечко, Топонимијата во Кривопаланечко и др.
Изработени се околу 170 проектни апликации, аплицирани пред домашни и меѓународни фондации, организации, министерства и амбасади и 15 архитектонски и технички проекти. Музејот е дел од мрежата на ИКОМ, ИКОМОС, МЕД, МАНД и Balkam Museum Network.

Музејот располага со четири (4)стрични лица: кустос-етнолог, кустос-историчар, документатор, историчар на уметноста, едно лице технички персонал и директор.

## НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА

Националната установа Центар за култура – Крива Паланка е единствена институција од таков тип во општината. НУЦК е средиште на културен живот и место каде што покрај матичните културни содржини се презентираат и културни содржини од други институции и каде што се доближуваат културни вредности од врвни институции од земјата и од странство.

Основната дејност НУЦК ја остварува низ повеќе содржини. Интернационалната ликовна колонија „Св. Јоаким Осоговски“ во неговата програма имаше централно место до 1999 година, а сега истата е во надлежнот на манастирот Св. „Јоаким Осоговски”.
Во рамките на НУЦК работи културно-уметничкото друштво „Осми октомври“, Литературниот клуб „Калин“, Балетската група за модерен балет, Работна единица на Работничкиот универзитет, како и Драмската секција.